25. V. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛ

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Вторник, 16 мај 1989
Скопје
Број 19 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 4.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**326.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА**

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 6/89), во член 2, потточка 18 се додава нова точка 19 која гласи:

„19 Ликвидноста на Љубљанска банка — Основна банка — Скопје во износ од 5.000 мил. дин."

Член 2

Во член 3, алинеја 7 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 8 која гласи:

„— за намената од точка 19 — со рок на враќање до 31. XII. 1989 година и со каматна стапка од 45% годишно".

Член 3

Во член 4 алинеја 6 по бројот „13" се додаваат зборовите „ и 19".

Член 4

Во член 6 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член наплатата на каматата за намената од член 3 алинеја 8 на оваа одлука ќе се изврши по истекот на рокот на враќање на кредитот, без пресметување камата на камата".

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-976/1 — Претседател
20 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**327.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија број 23-2271/1 од 10 ноември 1988 година, во точка 2, зборовите „28 февруари" се заменуваат со зборовите „31 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/9 — Претседател
20 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**328.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88). Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2726/3 од 26 декември 1988 година, во точка 2 зборовите „31 март" се заменуваат со зборовите „30 јуни".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/2 — Претседател
20 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**329.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 44/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2196/1 од 5 ноември 1988 година, во точка 2 зборовите „28 февруари" се заменуваат со зборовите „31 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/3 — Претседател
20 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

330.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2726/2 од 26 декември 1988 година, во точка 2 зборовите „31 март" се заменуваат со зборовите „30 јуни".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/4
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

331.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 49/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2648/2 од 15 декември 1988 година, во точка 2, зборовите „31 март" се заменуваат со зборовите „30 јуни".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-950/1
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

332.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 36/88 и 3/89), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-1822/1 од 19 септември 1988 година и бр. 23-283/1 од 30 јануари 1989 година, во точка 2, зборовите „31 март" се заменуваат со зборовите „30 јуни".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/6
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

333.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 48/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2449/5 од 24 ноември 1988 година, во точка 2, зборовите „28 февруари" се заменуваат со зборовите „31 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/7
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

334.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 44/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2201/1, од 5 ноември 1988 година, точка 2 зборовите „28 февруари" се заменуваат со зборовите „31 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-250/8
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**335.**

Врз основа на член 21-а и член 25 од Законот за општествена самозаштита („Службен весник на СРМ", број 18/76, 25/76, 37/87 и 51/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните услови за прием на работа, вооружувањето, униформата и посебните ознаки на униформата, употребата на огнено оружје и други средства на присилба како и начинот на вршењето на работите на службата за обезбедување во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст: организациите и заедниците).

Член 2

При извршувањето на работите и задачите, работниците во службата за обезбедување постапуваат на начин пропишан со закон и со овој правилник.

### II. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРИЕМ НА РАБОТА

Член 3

Во службата за обезбедување може да се прими на работа лице кое покрај општите услови за засновување на работен однос и условите утврдени во самоуправните општи акти на организациите и заедниците, ги исполнува и следните услови:

1. да е државјанин на СФРЈ;
2. да ја регулирало воената обврска;
3. да ги исполнува законските услови за издавање на одобрение за набавување и носење на оружје;
4. да не е постаро од 40 години ако прв пат заснова работен однос во ваква служба;
5. да не е осудувано и казнувано за кривично дело против основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување и безбедноста на СФРЈ, против стопанството, против слободите и правата на човекот и граѓанинот, против самоуправувањето, против општествената сопственост, против службената должност, против вооружените сили на СФРЈ, или кривично дело извршено од користољубие и нечесни побуди.

Член 4

Работникот во службата за обезбедување (во натамошниот текст: работникот за обезбедување) кој не ги исполнува еден од условите предвидени во член 3 точка 1, 3 и 5 на овој правилник како и ако има нарушена општа здравствена способност што го прави неподобен за вршење на работите на службата за обезбедување, не може да врши работи во таа служба.

### III. ВООРУЖУВАЊЕ

Член 5

Работниците за обезбедување само за време на вршењето на работите на службата за обезбедување се вооружени во согласност со одредбите на овој правилник.

Член 6

За потребите на службата за обезбедување во организациите и заедниците можат да се набавуваат следните видови и типови на оружје:

1. полуавтоматска пушка, М-59/66-А1 калибар 7,62 мм,
2. пушка калибар 7,9 мм,
3. пиштол ЦЗ калибар 7,65 мм и
4. пиштол ЦЗ калибар 7,62 мм.

Во зависност од дејноста што ја врши организацијата односно заедницата и потребите за нејзиното обезбедување се користи видот и типот на оружјето од став 1 на овој член.

Член 7

Со пушка се вооружуваат работниците за обезбедување кои обезбедуваат објекти, технички уреди или откриени простори што се простираат на поголема оддалеченост од 100 м. од местото од каде се врши обезбедувањето.

Член 8

Со пиштол се вооружуваат работниците за обезбедување кои вршат обезбедување во затворени простории или откриени простории во кои крајната оддалеченост на објектот, техничките уреди или откриениот простор што се обезбедува не се простира на поголема оддалеченост од 100 м, од местото од каде се врши обезбедувањето, како и кога обезбедуваат други работници на кои во делокругот на работите односно работните задачи им е доверено да подигнуваат, пренесуваат или ракуваат со поголеми износи на парични средства, драгоцености или други вредности.

Член 9

При вршење на доверените работи, работникот за обезбедување може да користи средства за врски, за набљудување, меѓусебно договарање и предупредување (двоглед, ИЦ уреди, затворени ТВ системи, алармни, светлосни и звучни уреди, рефлектори, батериска ламба, возило и сл.).

Член 10

Работниците за обезбедување се обучуваат за ракување со оружје, техничките средства од член 9 на овој правилник и прирачни средства за гаснење на пожар.

Работниците за обезбедување најмалку еднаш годишно изведуваат гаѓање со оружјето со кое се оружени.

### IV. УНИФОРМА

Член 11

Работниците за обезбедување за времето додека вршат работи на службата за обезбедување се во пропишана униформа.

Униформата на работниците за обезбедување е зимска и летна.

Зимската униформа се состои од: шапка, кошула, блуза, вратоврска, панталони, ветровка со влошка и длабоки чевли.

Делови што припаѓаат кон зимската униформа се: бундата, шалот и нараквиците.

Летната униформа се состои од: шапка, кошула, кратка виндјакна, панталони и плитки чевли.

Дел што припаѓа кон летната униформа е дождовниот мантил.

Чорапите, ременот за панталони и опасачот со прекурамник се делови што припаѓаат и на зимската и на летната униформа.

Член 12

Униформата на работниците за обезбедување е во затвореносива боја до колку со овој правилник не е пропишано соодветни делови од униформата или делови што припаѓаат кон униформата да бидат во друга боја.

Униформата се носи комплетна и во уредна состојба.

Член 13

Деловите од зимската униформа и тоа: шапката, блузата, панталоните се изработени од волнен штофполукангарн, ветровката со блошка е од мешавина на памучно-синтетичка ткаенина и поставена од внатре, а бундата е од импрегнирана ткаенина поставена со крзно.

Деловите од летната униформа и тоа: шапката и панталоните се изработени од тергал, а виндјакната од платно и од внатре поставена.

Кошулите се во светлосина боја, а вратоврската и чорапите се во затвореносина боја изработени од памучна или синтетичка ткаенина.

Чевлите се во црна боја, изработени од кожа — бокс или ПВЦ во соодветна големина со ѓонови од полиуретан или гума.

Дождовниот мантил е во затвореносина боја изработен од синтетичка ткаенина.

Шалот е во оловносина боја изработен од волнена ткаенина.

Нараквиците се кожни во црна боја или плетени во затвореносина боја.

Ременот за панталони и опасачот со прекурамник од едната страна се во црна боја, изработени од кожа.

Член 14

Зимската униформа и деловите што припаѓаат кон неа го имаат следниот крој:

1. Шапката е со вообичаен крој. Бортот е во затвореносива боја, ширина 40 мм.

Сонцебранот е од целулоид или сличен материјал во црна боја со раб опшиен со пластична маса.

Подбрадникот на шапката е од ист материјал како и сонцебранот, во широчина од 16 мм со две гајки, исто така, од ист материјал со кој се прилагодува должината и е прицврстен кон бортот со две копчиња во метално-бела боја со пречник од 14 мм.

На средината од бортот на шапката однапред, се носи петокрака ѕвезда во црвена боја со пречник од 38 мм.

2. Кошулата е еднобојна со обичен крој.

3. Блузата однапред е отворена со ревери, ненагласена во струкот и се закопчува на три копчиња во метално-бела боја со пречник од 22 мм. Долга е до средината на дланката на природно опуштена рака. На задниот дел има прорез кој започнува на 60 до 80 мм под половината, а од страните во висина на половината и на предната страна во висина на градите од секоја страна е пришиен по еден џеб со преклоп на копче во метално-бела боја со пречник од 14 мм. Горните џебови се широки 140 мм а долги 160 мм. Ширината на долните џебови изнесува 160 мм а должината 180 мм. Ракавите се едноставни без разрези и копчиња и на нив се пришивуваат ознаките на униформата. Блузата од внатре е поставена со ткаенина во соодветна боја.

4. Панталоните се со обичен крој без манжетни. Широчината на ногавиците во долниот дел изнесува од 220 до 260 мм. Од страните косо усечени два џеба, а еден џеб има и позади од десната страна.

5. Ветровката од рамената до висината на градите и преку грбот е зајакната и има влошка која допира до ракавите. Ветровката има појас и кулавка кои се од иста ткаенина како ветровката и четири обични копчиња во еден ред, во иста боја како ткаенината. На долниот дел од двете страни ветровката има по еден џеб со преклоп. Џебовите се широки од 18 до 22 см, а високи од 24 до 28 см. На левата страна од горе има внатрешен џеб, косо поставен.

Ветровката е во должина која достигнува во висина на колениците.

6. Бундата е од импрегнирана ткаенина поставена со крзно, еднобојна и со обичен крој. Бундата има јакна од крзно, од предната страна се закопчува на 5 копчиња, во висина на половината од страните има усечено по еден џеб, а должината е до под половината од листовите на нозете. На долниот дел одзади бундата е расечена кон половината најмалку 50 см.

7. Шалот во должина има од 120 до 160 см, а во широчина од 40 до 50 см.

8. Нараквиците се со обичен крој и одвоени прсти, од внатрешната страна можат да бидат поставени со крзно или памучна ткаенина.

9. Длабоките чевли се изработени од јунешки бокс и поставени од внатре со кожа. Ѓоновите имаат ребраста основа чии шари не се подлабоки од 10 мм

Член 15

Летната униформа и деловите што припаѓаат кон неа го имаат следниот крој:

1. Шапката е со ист крој како и зимската, со таа разлика што на обете страни има по две дупчиња за проветрување.

2. Кошулата е обичен крој со нашиен и пресвиткан положен околувратник. Околувратникот под тилот е во ширина од 40 мм и постепено кон краиштата се проширува до 75 мм.

Кошулата однапред е отворена и порабена. Се закопчува со 6 копчиња во боја слична на ткаенината со пречник од 10 мм.

На кошулата од предната страна, во височина на градите се наоѓаат два џеба со испуска и преклоп на копче со пречник од 14 мм.

Широчината на џебовите е 120 мм, а должината 140 мм. Широчината на испуската на џебовите е 30 мм.

Ракавите се со нормална должина и со обични манжетни.

Кошулата се носи без вратоврска и опасач со прекурамник.

3. Кратката виндјакна е со нашиен и превиткано положен околувратник, а од напред се закопчува со патент-затворач од под грлото и со ревер прилагоден за отворање.

На виндјакната однапред, на надворешната страна и од страните нашиени се по два џеба. Џебовите на надворешната страна се закопчуваат со копчиња во иста боја како ткаенината.

Виндјакната има појас и манжетни кои се изработени од плетен материјал.

4. Панталоните се со ист крој како и зимските.

5. Плитките чевли се изработени од јунешки бокс или ПВЦ со постава. Ѓоновите се прилагодени спрема местото каде се врши обезбедувањето.

6. Дождовниот мантил е со кулавка и колан, во слободна кројка така што да може да се носи преку униформата. Дождовниот мантил од внатре е дупло поставен со платно од кое е изработен и мантилот, и тоа од напред од околувратникот преку градите до половината и одназад од околувратникот преку плеќите до половината. Помеѓу дождовниот мантил и зајакнувањето се наоѓа мрежеста ткаенина која овозможува испарување на потта. Околувратникот е изработен така што да може дождовниот мантил да се носи отворен или затворен. Од двете страни однадвор има по еден косо усечен џеб со преклопник Дождовниот мантил однапред се закопчува на пет копчиња во боја која одговара на бојата на ткаенината. Дождовниот мантил во должина допира до средината на листовите на нозете и одзади е расечен.

7. Ременот за панталони е широк 30 мм, а долг најмалку 105 см и од едниот крај има метална спојка за закопчување и гајка.

Опасачот е широк 50 мм, а долг најмалку 125 см и од внатрешната страна е поставен со тенка чоја. На едниот крај има метална спојка за закопчување и гајка. На опасачот се наоѓа прекурамник кој е широк 20 мм. и е изработен како и опасачот, има една спојница која овозможува прекурамникот да се собира или спушта по должина.

На летната кошула, виндјакната, ветровката и дождовниот мантил има нараменици од иста ткаенина од која се изработени овие делови на униформата. Нарамениците се опшиени со црвен борд од 2 мм, поставени се од внатрешната страна и со едниот крај во широчина од 50 мм се пришиени за ракавите, а со другиот крај во широчина од 35 мм се закопчани под околувратникот со по едно копче со пречник од 14 мм. во затвореносива боја.

Член 16

Во зависност од работите и задачите како и условите под кои истите се изведуваат се утврдува времето на траењето на поодделни делови на униформата на работниците за обезбедување.

Член 17

Времето на носењето на зимската и летната униформа се определува во зависност од годишното време и климатските услови.

Летната униформа, по правило се носи од 1 мај до 15 октомври.

Член 18

Изработка на униформата може да се врши по мера.

## V. ПОСЕБНИ ОЗНАКИ НА УНИФОРМАТА

Член 19

Работниците за обезбедување носат посебни ознаки на униформата и тоа на ракавите на летната кошула, виндјакната, ветровката, бундата и дождовниот мантил. Ознаките се состојат од сребрени ширити со широчина од 10 односно 16 мм хоризонтално пришиени на 150 мм над лактот од двата ракава. Ширитите се долги 50 мм и се поставени на 10 мм еден над друг во линија.

Посебните ознаки се состојат од:

— ознака на работите односно работните задачи на работникот за обезбедување;

— обележје за припадноста на соодветната организација односно заедница и на службата за обезбедување.

Член 20

Во зависност од работите односно работните задачи на работникот за обезбедување се носат следните ознаки:

1. Работник за обезбедување — еден ширит со широчина од 10 мм;

2. Постар работник за обезбедување — два ширита со широчина од 10 мм;

3. Сменски командир на службата за обезбедување — три ширити со широчина од 10 мм;

4. Инспектор — еден ширит со широчина од 16 мм;

5. Командир (раководител) на службата за обезбедување — два ширита, едниот со широчина од 16 мм, а другиот од 10 мм.

Член 21

Обележјето се состои од назив на фирмата и седиштето (амблем) како и натпис „Служба за обезбедување".

Обележјето се носи на предниот горен лев џеб на летната кошула и виндјакната, односно горната лева предна страна на ветровката, бундата и дождовниот мантил. Обележјето е посебно пришиено.

## VI. УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ДРУГИ СРЕДСТВА НА ПРИСИЛБА

Член 22

Работниците за обезбедување, при вршењето на работите можат да употребат огнено оружје и други средства на присилба само во согласност со закон и одредбите на овој правилник.

Член 23

Кога во вршењето на работите е неопходна употреба на средства за присилба, работникот за обезбедување ќе го употреби она средство на присилба, со кое, со најмалку штетни последици се обезбедува заштита на општествениот имот или се заштитува неговиот живот.

### 1. Употреба на огнено оружје

Член 24

Работникот за обезбедување може по сопствена иницијатива или по наредба на одговорниот работник на службата за обезбедување кога работите ги извршува под негово раководство, да употреби огнено оружје само ако на друг начин не може:

1. да одбие непосреден напад на општествениот имот што се обезбедува и

2. да одбие непосреден напад со кој се загрозува неговиот живот.

Како непосреден напад на општествениот имот што се обезбедува се смета секое дејствие насочено кон оштетување, уништување или противправно одземање на општествениот имот или на одредени негови делови, или кон расипување, уништување или злоупотреба на уредите во истиот.

Како непосреден напад со кој се загрозува животот на работникот за обезбедување се смета секој напад со огнено оружје, опасно орудие или друго средство со кое може да се загрози животот или напад кој го вршат две или повеќе лица, напад на место и време кога не може да се очекува помош, како и напад од очигледно физички појако лице или лице кое се служи со посебни вештини и слично.

Член 25

Работникот за обезбедување при вршењето на работите го носи огненото оружје наполнето и укочено и тоа:

— пиштолот во футрола од левата страна на опасачот и

— пушката на десното рамо или при нозе, а кога се наоѓа во стражарница, пушката е на дофат на раката.

Член 26

Пред употребата на огненото оружје, кога е тоа можно, работникот за обезбедување го предупредува напаѓачот дека има намера да употреби оружје.

При употребата на оружјето, работникот за обезбедување е должен да внимава да не го загрози животот на друго лице или да не предизвика пожар, експлозија или друга опасност.

Член 27

Кога работникот за обезбедување во случаите од член 24 на овој правилник ќе го забележи напаѓачот, го зема и откочува оружјето и го предупредува напаѓачот со гласен повик „Стој".

Кога напаѓачот ќе застане, работникот за обезбедување му наредува да го отфрли оружјето, опасното орудие или другото средство со кое може да се загрози животот и да се сврти на лево круг, да се оддалечи 4 до 6 чекори од него, да ги крене рацете над главата и со раширени нозе да мирува. Потоа, гледајќи го постојано и држејќи го оружјето на „готовс" му приоѓа одзади и со едната рака проверува дали има оружје, опасно орудие или друго средство со кое може да се загрози животот или објектот да се запали, уништи или оштети и ако најде такво средство, го одзема. Потоа, му наредува на напаѓачот да отиде на определено место за задржување и веднаш го известува и бара помош од одговорниот работник за обезбедување или согласно законот од надлежниот орган, а при тоа држејќи го напаѓачот постојано под надзор до доаѓањето на помошта.

Член 28

Кога на првиот повик „Стој" напаѓачот не застане, работникот за обезбедување повторно ќе го повтори со погласен повик „Стој ќе пукам" и трет повик „Стој пукам" и ако напаѓачот и тогаш не застане, а не постои друг начин истиот да се запре, прво пука над него, а ако ни тогаш не застане, пука во неговите екстремитети.

Кога напаѓачот застане на вториот односно третиот повик или по пукањето над него, работникот за обезбедување ќе постапи со него на начин пропишан во член 27 на овој правилник.

Во случаите кога напаѓачот е запрен и се обиде повторно да побегне работникот за обезбедување ќе постапи на начин пропишан во став 1 на овој член.

Член 29

До колку на повикот да застане напаѓачот се фати за огнено оружје, опасно орудие или друго средство со кое може да се загрози животот, или кога е запрен и на наредбата од работникот за обезбедување не го одложи истото, работникот за обезбедување ја повторува таквата наредба, а ако напаѓачот и тогаш не го отфрли оружјето, опасното ору-

дие или другото средство односно се обиде со него да го нападне, работникот за обезбедување, пука во него.

Работникот за обезбедување ќе постапи на начин пропишан во став 1 на овој член и во случај кога напаѓачот кој е задржан на определено место се обиде да побегне или да го нападне работникот за обезбедување.

Во случаите кога напаѓачот наидува кон објектот што се обезбедува и при тоа е забележан и предупреден од страна на работникот за обезбедување заради што очигледно е дека напаѓачот не успеал во намерата, работникот за обезбедување не смее да употреби оружје.

Член 30

Работникот за обезбедување може да пука во напаѓачот и без предупредување кога напаѓачот му нанел телесна повреда односно кога напаѓачот се наоѓа во негова непосредна близина, а посебните околности под кои нападот се врши укажуваат на намерата на напаѓачот, нападот да го повтори.

Кога работникот не може да го одбие вооружениот напад, истиот ќе се закрие така што да има преглед на ситуацијата и со пукање да го спречува понатамошното движење на напаѓачот се до доаѓањето на помошта.

Член 31

Кога одбива напад со употреба на огнено оружје на отстојание и во услови кои овозможуваат прецизно гаѓање, работникот за обезбедување ќе настојува да пука на напаѓачот:

1. во нозе — ако треба да спречи бекство;

2. во рака со која го држи оружјето, опасното орудие или друго средство со кое може да се загрози животот, кога треба да спречи напад;

3. во виталните делови на телото — кога околностите на случајот укажуваат дека нападот не може да се одбие на друг начин или укажуваат на посебна општествена опасност на напаѓачот (диверзант, атентатор и сл.).

Кога напаѓачот бега во правец на место на кое се наоѓаат други лица и постои опасност да биде повреден некој од нив, работникот за обезбедување не смее да пука во напаѓачот кој бега.

**2. Употреба на други средства на присилба**

Член 32

Работникот за обезбедување може да употреби физичка сила и други средства на присилба ако на друг начин не може:

1. да спречи пристап на неповикано лице во објектот, до средствата за работа или до другиот имот што го обезбедува и таквото лице по потреба присилно да го оддалечи;

2. да спречи неовластено внесување експлозивни материи, запаливи течности или други опасни материи со кои може да се уништи или оштети објектот, средствата за работа или другиот имот што се обезбедува или го загрози животот на луѓето во објектот;

3. да спречи неовластено изнесување на средства или документи од значење за производството или за дејноста на организацијата или други средства од објектот што го обезбедува;

4. да спречи набљудување, снимање и скицирање на објектот што е од посебно значење за безбедноста и одбраната на земјата, чие снимање и скицирање е забрането;

5. да задржи лице затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност и

6. да одбие напад на објект, средства за работа или друг имот што се обезбедува, напад со кој непосредно се загрозува неговиот живот или животот на друго лице.

Член 33

Работникот за обезбедување може да употреби посебно дресирано куче заради чување на објектот, одбивање на напад врз објектот, средствата за работа или другиот имот што го обезбедува, или напад со кој непосредно се загрозува неговиот живот како и заради фаќање на напаѓачот во случаите кога може да се употреби огнено оружје според одредбите на овој правилник.

Во случаите од став 1 на овој член, кога е можно, пред употребата се предупредува, лицето со повик „Стој, ќе пуштам куче".

Член 34

Кучето се користи пуштено, без врвца и корпа само во случаите кога е дозволена употребата на огнено оружје, а кога се употребува физичка сила, кучето се користи без врвца со корпа.

Работникот за обезбедување, по можност, ќе го спречи кучето да му нанесе потешки повреди на напаѓачот или било какви повреди на друго лице.

Член 35

За секој случај на употреба на огнено оружје или други средства на присилба во вршењето на работите на службата за обезбедување, веднаш се изготвува извештај и се постапува согласно законот.

## VII. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 36

Службата за обезбедување остварува физичко-техничка, безбедносно-техничка и по потреба противпожарна заштита на работниците и општествениот имот во организацијата односно заедницата.

Службата за обезбедување ги врши работите и задачите на начин пропишан во овој правилник, а во согласност со планот за обезбедување.

Член 37

Во планот за обезбедување се содржани следните податоци:

— внатрешна и надворешна заштита на објектите и просторот;

— критичните места на обезбедувањето;

— бројот, распоредот и меѓусебната поврзаност на стражарските места;

— поодделно работите и задачите на работниците за обезбедување;

— бројот и распоредот на смените;

— постапка со лица, предмети, превозни средства и слично при обезбедувањето;

— распоредот и начинот на користењето на безбедносно-техничката опрема и уредите, противпожарните апарати и хидранти за гаснење на пожар;

— овластувањата на работниците и постапката во случај на настанување на вонредни околности во организацијата односно заедницата;

— начинот на остварување на соработката со надлежните државни органи како и другите организации и заедници;

— други елементи неопходни за ефикасно организирање и спроведување на физичко, физичко-техничката и безбедносно-техничката заштита и

— начинот на оспособувањето и опремувањето на работниците на службата за обезбедување.

Член 38

Во остварувањето на физичко-техничката заштита и противпожарната заштита, Службата за обезбедување особено врши:

— контрола на влезот — излезот и во кругот на организацијата односно заедницата;

— контрола на внесување и изнесување на сите предмети и материјали;

— контрола на сообраќајот на влезот — излезот и во кругот;

— физичка заштита на сите лица во организацијата односно заедницата;

— контрола и благовремено преземање на мерки за заштита, известување и елиминирање на настанат пожар, експлозија или други непогоди;

— користење на безбедносно-техничка опрема и уредите заради спречување на неовластено влегување во организацијата односно заедницата;

— обезбедување на пренос на пари и други вредности (доверливи податоци, пошта, ствари од посебно значење, скапоцености и слично);

— спречување на внесување на алкохол и други опојни средства;

— контрола на внесувањето на оружје од неовластени лица, други предмети и средства со кои може да се загрози безбедноста на работниците и имотот:

— спречување на неовластено снимање и внесување на средства и опрема за снимање и

— спречување на сите активности со кои се загрозува безбедноста на работниците и општествениот имот во организацијата односно заедницата.

Член 39

Заради обезбедување на континуирано — 24 часа непрекинато извршување на работите во работните денови и деновите на одмор, службата за обезбедување се организира во смени.

Смената, по правило, започнува и завршува 30 минути пред започнувањето односно завршувањето на работното време на останатите работници.

Член 40

При преземањето на смената, работникот на Службата за обезбедување се запознава со состојбите од претходната смена и со упатствата и известувањата што се однесуваат на тековната смена и истото го воведува во книгата за дневни настани, го евидентира примопредавањето на оружјето и личното вооружување, врши обиколка на објектот односно просторот што го обезбедува и ја утврдува конкретната состојба и безбедноста и понатаму продолжува да ги врши редовните задачи.

Член 41

Работникот за обезбедување не смее да ја прими односно предаде смената кога претпоставува дека работникот за обезбедување кој треба да ја прими смената е под влијание на алкохол, дрога или од други причини е неспособен за вршење на работите и за тоа ќе го извести раководителот на смената односно одговорниот работник на службата за обезбедување.

Член 42

Во текот на вршењето на работите, работникот за обезбедување не смее да се оддалечи од објектот односно просторот што го обезбедува без одобрение на раководителот на смената односно одговорниот работник.

Член 43

Согласно работите предвидени во член 38 на овој правилник контролата на влезот — излезот во кругот на организацијата односно заедницата се врши преку:

— давање информации на странките и издавање на привремени пропусници за влегување во кругот;

— контрола на постојните пропусници за влегување излегување на работниците;

— контрола на внесената пошта, пратка и слично;

— преглед при внесување — изнесување на делови од општествениот имот;

— спречување на неовластеното влегување на странките (во неприемен термин, во приватна посета, сомнителни и странки без исправа за утврдување на идентитетот, лица под влијание на алкохол, дрога и слично);

— контрола над исправноста на техничките уреди и опрема во просториите на влезот — излезот;

— чување на клучевите од објектите и работните простории по завршувањето на работно време и нивно издавање и

— соработка со другите работници на службата за обезбедување.

Член 44

Контролата на сообраќајот на возилата што влегуваат — излегуваат во кругот на организацијата односно заедницата се врши преку;

— преглед на сите возила што влегуваат — излегуваат од кругот и нивниот товар;

— издавање на посебни пропусници за влегување на возила од други организации и заедници како и преглед на патниот налог, товарниот лист и слично и

— водење на евиденција за возилата (марка и регистарски број на возилото, сопственик односно корисник на возилото, лично име на возачот и совозачот, датум и час на влегување — излегување на возилото, причините).

Во случаите кога при прегледот на возилото и товарот се пронајдат предмети за кои постои основано сомнение дека потекнуваат од извршено кривично дело или со нивната употреба ќе биде извршено такво дело, или се откријат недостатоци односно неисправности кај возачот, возилото или товарот што се од значење за безбедноста на општествениот имот и работниците, возилото и возачот се задржуваат и се постапува согласно законот.

Член 45

Обезбедувањето на објектите и просторот во кругот на организацијата односно заедницата се вршат со:

— постојана обиколка и преглед на просторот, објектите, оградата, влезовите и слично;

— контрола на движењето на вработените и странките како и други лица кои изведуваат соодветни градежни работи, поправки на уредите, опремата и слично;

— спречување на прикривање и одземање на делови од општествениот имот, како и отстранување на причините кои можат да доведат до оштетување на општествениот имот;

— одржување на редот и мирот во кругот;

— проверка на заклучените простории по завршувањето на работното време, како и оние што постојано се чуваат заклучени;

— проверка на електричните и водоводните уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожар односно поплава, проверка на исправноста и достапноста на противпожарните уреди и опрема како и проверка на исправноста и спремноста на системите за дојава и гаснење на пожар;

— проверка на исправноста на кровната конструкција на објектот и

— контрола и обезбедување на проодноста на патиштата и пристапите до објектите.

Член 46

Кога при контролата на пропусниците на лицата кои се движат во кругот се утврди дека лицето се движи во зона за која нема дозвола, се проверуваат причините за ваквото однесување и истото се опоменува.

Во случаите кога работникот за обезбедување затекне лице кое без пропусница се движи во кругот на организацијата односно заедницата или лице во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност, истото се задржува во просториите на службата, се обезбедуваат материјалните докази за извршеното кривично дело и се преземаат соодветни мерки утврдени со закон.

За случајот од став 2 на овој член работникот поднесува извештај до службата за обезбедување и се постапува во согласност со закон.

Член 47

Обезбедувањето на пренос на пари и други вредности се врши со посебни возила, опремени со средства за врски и во присуство на вооружени работници на службата за обезбедување. Пренос на поголема сума на пари и други вредности се врши во присуство на најмалку два работника.

Времето и правецот на движењето се утврдува во моментот на поаѓањето.

За време на движењето на возилото не е дозволено застанување ниту пак менување на правецот на движењето освен во вонредни случаи и со наредба односно известување на одговорното лице на службата за обезбедување.

Член 48

Во просториите на службата за обезбедување се сместени соодветни средства за врски (внатрешна и надворешна линија) како и командните уреди за физичка, безбедносно-техничка и противпожарна заштита, доколку за одредени видови на заштита не се предвидени други служби.

Секоја добиена информација преку средствата од став 1 на овој член, работникот за обезбедување ја проверува и презема соодветни мерки.

Член 49

Евиденциите што се водат во службата за обезбедување се во вид на:

1. дневник во кој се внесуваат сите податоци за дневните настани на смената и преземањето на должноста; вонредни состојби; извршените контроли и дејствија во текот на смената; дадените инструкции од страна на раководителот на смената односно одговорниот работник на службата за обезбедување, податоци за изгубени — пронајдени предмети и слично;

2. блок со пропусници или пропусници кои се издаваат на странките и работниците што излегуваат од кругот на организацијата односно заедницата;

3. книга за странки која содржи: лично име, број на личната карта или друга јавна исправа која служи за утврдување на идентитетот; назив на службата и лично име на работникот кај кого се врши посетата; времето на влегување-излегување и посебна рубрика во која се забележува дали странката носела со себе торба или друг предмет;

4. книга за евиденција на возилата и товарот во која се внесуваат податоците за возилата, товарот и возачите што влегуваат-излегуваат од кругот на организацијата односно заедницата;

5. книга-евиденција во која се евидентира примопредавањето на оружјето на смената и во која се внесува: датум и час на примопредавањето, вид, марка, број, калибар на оружјето и бројот на парчиња со примена муниција;

6. регистар на клучевите од објектите и просториите;

7. телефонски именик на организацијата односно заедницата како и на одговорните работници и

8. по потреба и други евиденции сврзани со извршувањето на работите на службата.

Член 50

Врз основа на евиденциите од член 49 на овој правилник, службата за обезбедување изготвува месечен извештај и истиот се доставува до одговорниот работник на организацијата односно заедницата.

Член 51

Во рамките на правата и должностите на органите на управата надлежни за внатрешни работи во областа на општествената самозаштита утврдени со закон, се организираат предавања, обука и проверка на оспособеноста во ракувањето со оружјето, противпожарните апарати и други технички средства кои се користат за обезбедување и заштита.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Одредбите од овој правилник сообразно се применуваат и на работниците во службите за обезбедување во државните органи, општествените организации и другите правни лица во кои е организирана служба за обезбедување.

Член 53

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за посебните услови за прием на работа во службата за обезбедување, вооружувањето, униформата и посебните ознаки на униформата на работниците на службата за обезбедување („Службен весник на СРМ“ бр. 7/77 и 14/77) и Упатството за употреба на огнено оружје и други средства на присилба во вршењето на работите на службата за обезбедување („Службен весник на СРМ“ бр. 7/77).

Член 54

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 262-5448/1
24 април 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р

**336.**

Врз основа на член 160 точка 16 од Законот за внатрешни работи — Пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НАДЛЕЖНИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи, изнесуваат и тоа за:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Лична карта | 5.000 | динари |
| 2. | Возачка дозвола | 6.000 | „ |
| 3. | Дозвола за возач на трактор | 6.000 | „ |
| 4. | Возачка потврда | 6.000 | „ |
| 5. | Сообраќајна дозвола за регистрирано возило (земјоделски трактор) | 6.000 | „ |
| 6. | Потврда за регистрација за регистрирано возило | 6.000 | „ |
| 7. | Потврда за привремена регистрација на возило | 3.500 | „ |
| 8. | Дозвола за поседување и носење на оружје | 3.000 | „ |
| 9. | Дозвола за поседување на оружје | 3.000 | „ |
| 10. | Тест за полагање возачки испит | 500 | „ |
| 11. | Извод од матичната книга на родените за употреба во странство | 2.000 | „ |
| 12. | Извод од матичната книга на венчаните за употреба во странство | 2.000 | „ |
| 13. | Извод од матичната книга на умрените за употреба во странство | 2.000 | „ |
| 14. | Постојана пропусница за движење и задржување на аеродром | 2.000 | „ |
| 15. | Привремена пропусница за движење и задржување на аеродром | 2.000 | „ |
| 16. | Пропусница за премин на Југословенско-Бугарска граница во малограничен сообраќај на лица | 5.000 | „ |
| 17. | Привремена дозвола за движење и престој во граничен појас | 2.000 | „ |
| 18. | Постојана дозвола за движење и престој во граничен појас | 2.000 | „ |
| 19. | Привремена дозвола за движење и задржување на граничен премин | 2.000 | „ |
| 20. | Постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 2.000 | „ |
| 21. | Барање за издавање пропусница во малограничен сообраќај на лица | 2.000 | „ |
| 22. | Дозвола за инструктор | 2.000 | „ |

II. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“, бр. 31/88).

III. Ова решение влегува во сила наредниот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 262-4438/1
19 април 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р.

**337.**

Врз основа на член 77 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74, 15/86 и 51/88), претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# ЦЕНОВНИК
## ЗА ШТЕТИ НА ШУМИТЕ

I

Според овој ценовник се определува висината на надоместокот за штети на шума настанати со сеча или оштетување на стебла, противправно присвојување на (соборено) паднато, прекршено или навалено стебло, оштетување или уништување на природен подмладок или садници во шума, на шумски земјишта и голини и противправно присвојување на споредни шумски производи (шумско семе и плодови, лековити растенија, пасење, желадење, брстење и др.).

II

За противправно исечено стебло односно за противправно присвојување на (соборено) паднато, прекршено или навалено стебло, или дел од стебло, висината на надоместокот на штетата се одредува:

1) за техничко обло дрво:

| Реден број | Вид на дрво | Висина на надоместокот за штета за 1 $м^3$/дин. |
|---|---|---|
| 1. | Орев | 2.500.000 |
| 2. | Јасен, јавор, брест, диви овошки | 2.100.000 |
| 3. | Даб | 1.500.000 |
| 4. | Бука, багрем, костен | 1.000.000 |
| 5. | Останати тврди лисјари | 1.200.000 |
| 6. | Меки лисјари | 1.200.000 |
| 7. | Црн бор, бел бор, молика | 2.000.000 |
| 8. | Смрека, ела | 2.100.000 |
| 9. | Останати четинари | 1.800.000 |

2) За огревно дрво:

| Реден број | Вид на дрво | Висина на штета за 1 $м^3$/дин. | |
|---|---|---|---|
| | | за дрво од стебло без технич. дрвна маса | дрво од стебло со тех. дрвна маса |
| 1. | Даб, бука и костен | 600.000 | 900.000 |
| 2. | Останати тврди лисјари | 450.000 | 750.000 |
| 3. | Меки лисјари | 400.000 | 600.000 |
| 4. | Четинари | 450.000 | 600.000 |
| 5. | Пенушки и ветки под 7 см. | 450.000 | 300.000 |

Под техничко обло дрво, во смисла на овој ценовник се подразбираат делови од обло дрво со должина над 1 м. од кои најмалку 30% може да се употребат за пиланско производство или за други технички цели, како и ситно техничко дрво кое може да се употреби за колци за лозја, ластегарки, стожери, стапови, држалки, летви, прачки за кошници, метли, огради и слично.

Под огревно дрво, во смисла на овој ценовник, се подразбира дрво за хемиско искористување и за огрев.

Износите утврдени во табелите 1 и 2 ќе се зголемат за 50% ако стеблото:

— потекнува од шума прогласена за заштитна шума или за шума со посебна намена (национални паркови, шумски резервати и сл.);

— е од издвоена семенска состоина или оставена за семењак;

— е од вид на дрво чија сеча е забранета или ограничена;

— има граничен знак или знак за поделба на шумата;

— е од шума во која со шумскостопанската основа односно програмата за унапредување на шумите не е предвидена сеча;

— потекнува од природен подмладок во млади шуми (високи шуми до 20 години возраст, ниски шуми до 10 години).

Износот утврден во табелите 1 и 2 ќе се зголеми за 100% ако стеблото е од шумска култура односно подигнато по вештачки пат.

III

За бесправно сечење на млади стебла од четинарски видови дрвја (новогодишни елки и сл.) висината на штетата се утврдува во износ од 200.000 динари за едно стебло.

IV

За противправно присвојување на суви и навалени стебла или делови чија употребна вредност е намалена, односно за оштетување на стебла со лупење на кората, подбелување, превртување, кастрење на гранки, засечување, вадење на смола и сл., висината на штетата се утврдува според износите од дел II намален за 30%.

Ако оштетувањето на стеблото е од таков степен што непосредно му претстои сушење или тоа е уништено, висината на штетата се утврдува според износите во дел II.

V

Ако противправно исеченото стебло, односно присвоеното исечено дрво, прекршено или навалено стебло или дел од стеблото е обработено во сортименти (делкано, цепкано и сл.) и притоа мерено како нето дрвна маса во различни мерки (парчиња и сл.), висината на надоместокот на штета се утврдува на тој начин што претходно сортиментите се претвораат во $м^3$ обловина според следните фактори за пресметување:

| Реден број | Вид на производот | Единична мера | Фактор |
|---|---|---|---|
| 1. | Цепена граѓа од четинари и бука | 1 $м^3$ | 3,33 |
| 2. | Цепена граѓа од даб | 1 $м^3$ | 5,00 |
| 3. | Делкана граѓа | 1 $м^3$ | 1,67 |
| 4. | Огревно дрво | 1 $м^3$ | 0,65 |
| 5. | Симли и шиндри | 1 парче | 0,0017 |
| 6. | Стапови | 1 парче | 0,00085 |
| 7. | Колци за лозја | 1 парче | 0,0033 |
| 8. | Колци за овошки | 1 парче | 0,0071 |
| 9. | Рачки | 1 парче | 0,0033 |
| 10. | Думени | 1 сноп | 0,010 |
| 11. | Прачки | 1 сноп | 0,01 |
| 12. | Обрачи | 1 парче | 0,0014 |

VI

Висината на надоместокот на штетата на противправно оштетување или уништување на природен подмладок и садници во шуми и на шумско земјиште се утврдува:

| Реден број | Вид на дрвото | Висина на штетата на 1 садн. дин. | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 год. | 2 год. | 3 год. | преку 3 г. |
| 1. | Багрем, гледич, диви овошки | 2.500 | 3.000 | 4.000 | 6.000 |
| 2. | Јавор, див костен, црница, јасен брест | 3.000 | 4.000 | 4.500 | 4.500 |
| 3. | Орев, питом костен | 4.500 | 6.000 | 7.500 | 42.000 |
| 4. | Останати тврди лисјари | 2.500 | 2.500 | 3.000 | 6.000 |
| 5. | Липа, бреза, евла, домашна топола | 2.500 | 3.000 | 4.000 | 7.500 |
| 6. | Останати меки лисјари | 1.500 | 2.500 | 3.000 | 4.500 |
| 7. | Црн бор, бел бор, молика | 4.000 | 4.500 | 6.000 | 9.000 |
| 8. | Смрека и ела | 4.500 | 6.000 | 9.000 | 10.000 |
| 9. | Егзоти од четинари | 6.000 | 7.500 | 9.000 | 12.000 |
| 10. | Останати четинари | 4.000 | 4.500 | 6.000 | 9.000 |

Износите утврдени во табелата се зголемуваат за 50% ако садниците се пресадувани (школувани), а ако се од калемен орев се зголемуваат за 10 пати.

VII

За противправно присвојување на споредни шумски производи, висината на надоместокот на штетите се утврдува:

| Реден број | Шумски производ | Единична мера | Висина на штета во динари |
|---|---|---|---|
| 1. | Шумско семе од четинари во шишарки | | |
| | — црн бор, смрека, ела | 1 кг | 4.000 |
| | — бел бор и молика | 1 кг | 4.500 |
| | — ариш | 1 кг | 6.000 |
| | — останати четинари | 1 кг | 3.000 |
| 2. | Шумско семе од лисјари | | |
| | — даб, цер, бука | 1 кг | 4.000 |
| | — липа, багрем гледич | 1 кг | 9.000 |
| | — јасен, брест, бреза, евла и останати видови | 1 кг | 12.000 |
| 3. | Шумски плодови | | |
| | — орев, бадем, лешник | 1 кг | 25.000 |
| | — костен питом | 1 кг | 20.000 |
| 4. | Лековити растенија | | |
| | — цвет од црн и бел слез | 1 кг | 30.000 |
| | — цвет од љубичица | 1 кг | 40.000 |
| | — цвет од липа | 1 кг | 15.000 |
| | — цвет од останати видови | 1 кг | 6.000 |
| | — лист од лудо растение (беладона) | 1 кг | 3.000 |
| | — лист од орев и костен | 1 кг | 3.000 |
| | — лист од бутин (дигиталис) | 1 кг | 4.500 |
| | — останати видови лист | 1 кг | 3.000 |
| | — стебло од мечкино грозје | 1 кг | 25.000 |
| | — стебло од шарпланински чај | 1 кг | 70.000 |
| | — стебло од останати видови | 1 кг | 3.000 |
| | — корен од див чемер (генцијана) | 1 кг | 15.000 |
| | — корен од останати видови | 1 кг | 9.000 |
| | — тубера од салеп | 1 кг | 10.000 |
| | — плод од боровинка | 1 кг | 30.000 |
| | — плод од други видови | 1 кг | 5.000 |
| | — плод од сите видови | 1 кг | 15.000 |
| | — мов | 1 кг | 15.000 |
| 5. | Останати производи | | |
| | — боровина од посечени стебла и пенушки | 1 кг | 4.500 |
| | — смола | 1 кг | 15.000 |
| | — шумска трева | 1 кг | 3.000 |
| | — ливадска трева | 1 кг | 4.000 |
| | — лисна постилка | 1 кг | 3.500 |
| | — зеленика | 1 м$^3$ | 25.000 |
| | — лисник | 1 м$^3$ | 250.000 |
| | — шумски грмушки и трева | 1 м$^3$ | 15.000 |
| | — печурки во свежа состојба | 1 м$^3$ | 45.000 |
| 6. | Пасење, брстење и желадење во шума | | |
| | — овца, одлачено јагне, прасе | грло | 9.000 |
| | — коњ, мазга, магаре, говедо, | грло | 40.000 |
| | — ждребе, теле и прле до 1 година старост, свиња | грло | 30.000 |
| | — коза, јаре | грло | 300.000 |

Во шуми во кои со Законот за шумите е забрането пасење, брстење и желадење на добиток, односно во кои со шумскостопанската основа и програма за унапредување на шумите не се предвидува пасење, брстење, односно желадење, износот на надоместокот од точка 6 се зголемува за 50%.

VIII

При утврдување висината на надоместокот на штета настаната со противправно копачење на шуми или со чиста сеча на шуми освен висината на штетата пресметана според износите утврдени во табелите на овој ценовник, се пресметуваат и трошоците за пошумување на земјиштето и за воведување на шумски ред.

IX

Ако противправното пресечено дрво или негов дел се одземе од сторителот на прекршокот, односно на кривично дело, висината на надоместокот на штетата се пресметува според износите утврдени со овој ценовник намален за износот од остварената прометна вредност на пресеченото дрво односно неговиот дел.

X

Со денот на влегувањето во сила на овој ценовник престанува да важи Ценовникот за штети за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 16/88).

XI

Овој ценовник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1129/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Богдан Тодоровски**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

### ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**147.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56 и 57 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без додатокот на пензијата, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработувањето на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, аконтативно се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи во 1989 година за 50 насто.

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Со процентот од став 1 на овој член се усогласуваат и минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците.

Член 2

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход за корисниците на најнизок износ на пензија и на додаток на пензијата.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука ќе се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурувањето остварени во 1989 година.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии и изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79 и 35/86).

Член 6

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласен според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 9/89).

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 8

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник, кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 9

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 10

При конечното усогласување на пензиските примања ќе се земе предвид и усогласувањето според оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 15-1225/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р

**148.**

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 АПРИЛ 1989 ГОДИНА

Член 1

Најнизок износ на пензија од 1 април 1989 година се утврдува во висина од 303.000 динари.

Член 2

Исплатата на најнискиот износ на пензија од член 1 на оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 април 1989 година.

Бр. 15-1226/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**149.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 АПРИЛ 1989 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување правото на додаток на пензијата од 1 април 1989 година се определува во висина од 550.000 динари.

Член 2

На досегашните корисници на додаток на пензијата по службена должност ќе им се определи нов износ на додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

При признавањето право на додаток на пензијата се зема во предвид граничниот износ на најниското пензиско примање определено со оваа одлука и усогласената пензија определена според стажот и личниот доход согласно донесените одлуки за усогласување на пензиите до денот на признатото право.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 април 1989 година.

Бр. 15-1227/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**150.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86) а во врска со член 69 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 23/82, 77/32, 75/86, 8/76 и 65/87), и член 86 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 42/86 и 45/87) во член 9 став 1 се менува и гласи:

„За лицата кои пред и после влегувањето во сила на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 42/86. 45/87) се наоѓале под околностите за кои се обезбедува продолжено осигурување според Статутот на Заедницата, а не обезбедиле продолжено осигурување, можат да обезбедат продолжено осигурување ако поднесат барање најдоцна до 31 декември 1989 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 15-1230/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

---

**151.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86), а во врска со член 127 став 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО СТРАНСТВО И ЛИЦАТА КОИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА СЕ ВРАБОТЕНИ КАЈ СТРАНСКИ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на пријавување, пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на:

1. вработени во странство ако за тоа време не се задолжително осигурени кај странски носител на осигурување;

2. вработени кај странски работодавец во државa во која се задолжително осигурени, но во која правата од пензиското и инвалидското осигурување, што како основни права се утврдени со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, не можат да ги остваруваат или не можат да ги користат надвор од таа држава;

3. кои вршат самостојна дејност во странство ако во странство не се задолжително осигурени и ако пред заминувањето во странство имале живеалиште на територијата на Републиката;

4. југословенски државјани кои на територијата на Републиката се вработени кај странски и меѓународни организации и установи, странски конзуларни и дипломатски претставништва, или се во лична служба на странски државјани, ако со меѓународен договор не е поинаку определено;

5. странски државјани и лица без државјанство кои на територијата на Републиката се во служба на странски физички и правни лица, ако со меѓународен договор не е поинаку определено или се во служба на меѓународни организации и установи, на странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако таквото осигурување е предвидено со меѓународен договор.

Член 2

Лицата од член 1 на оваа одлука поднесуваат пријава за пензиско и инвалидско осигурување сами за себе

Со денот на поднесувањето на пријавата за осигурување се стекнува својство на осигуреник.

Член 3

Лицата од член 1 точка 1, 2 и 3 на оваа одлука поднесуваат барање до стручните служби за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување од прв степен на чие подрачје имаат постојано место на живеење пред заминувањето во странство

Кон пријавата за осигурување се прилагаат следните докази:

1. доказ за вработување или вршење самостојна дејност во странство;

2. податоци за личниот доход од тековната година во колку осигуреникот бил во работен однос пред заминувањето во странство;

3. доказ за стручната подготовка на осигуреникот кој после 1. 1. 1966 година пред заминувањето на работа во странство немал остварено личен доход, односно немал основица на осигурување.

Член 4

Лицата од член 1 точка 4 и 5 на оваа одлука поднесуваат барање до стручната служба за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување од прв степен на чие подрачје имаат постојано место на живеење.

Кон пријавата за осигурување се прилагаат следните докази:

1. договор за работа заверен од општинскиот орган на управата надлежна за работите на соодветни дејности.

Лицата од член 1 точка 4 на оваа одлука ги прилагаат и доказите од член 3 став 2 точка 2 и 3 на оваа одлука.

Лицата од член 1 точка 5 на оваа одлука прилагаат и нострифициран доказ за стручната подготовка извршен од страна на надлежен орган.

Член 5

Основица на осигурување за осигурениците од член 1 на оваа одлука претставува просечниот месечен износ на чистиот личен доход што го оствариле во годината во која заминале на работа во странство, односно основицата на која во истата година е пресметуван придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Осигурениците кои не оствариле личен доход во годината во која заминале на работа во странство, односно кои во таа година немале основица на осигурување, основица на осигурување претставува последниот просечен месечен износ на пензија, личниот доход кој осигуреникот го остварил во СФР Југославија после 1. 1. 1966 година претходно пресметан на ниво на личните доходи во годината за која се зема како основица на осигурување согласно движењето на личните доходи на сите вработени во Републиката.

Основицата на осигурување утврдена на овој начин се усогласува на почетокот на секоја календарска година со движењето на просечните лични доходи на сите вработени на територијата на Републиката во таа година.

По објавувањето на статистичките податоци од надлежниот орган за порастот на личните доходи за годината за која се врши валоризација, осигурениците плаќаат аконтација на придонесот на пензиско и инвалидско осигурување.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за лицата од член 1 на оваа одлука не може да биде помала од загарантираниот личен доход во Републиката за тековната година.

Член 6

За осигурениците од член 1 на оваа одлука — вработени во странство за вршење на воспитно-образовна дејност на децата на југословенски државјани привремено вработени во странство (наставници, воспитувачи), основицата на осигурување утврдено според член 5 на оваа одлука се усогласува на почетокот на секоја календарска година со порастот на просечните лични доходи на вработените во воспитно-образовната установа во која работеле пред заминувањето во странство, доколку тоа за нив е поповолно.

Податоци за порастот на личните доходи од став 2 на овој член доставува Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на деца, најдоцна до 31 март во годината.

Ако податоците за порастот на личните доходи не бидат доставени до рокот од став 2 на овој член, се определува основица согласно одредбите на член 5 од оваа одлука.

До доставувањето на конечни податоци за процентот на порастот на личните доходи за годината за која се определува основицата, осигурениците плаќаат аконтација на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 7

Основицата на осигурување за осигурениците кои по 1 јануари 1966 година пред заминувањето на работата во странство немаат остварено личен доход, односно немале основица на осигурување, се утврдува во соодветни проценти од просечниот чист личен доход во Републиката остварен во годината за која се утврдува основицата на осигурување зависно од стручната подготовка што ја имаат и изнесува:

— 60 насто за НК работници;

— 80 насто за ПК работници и работници со нижа стручна подготовка;

— 100 насто за КВ работници и работници со средна стручна подготовка;

— 140 насто за ВКВ работници и работници со виша стручна подготовка;

— 180 насто за работници со висока стручна подготовка.

— Осигурениците од претходниот став, до објавувањето на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во годината за која се утврдува основицата на осигурување, уплатуваат аконтација на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување пресметана на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во годината која и претходи на годината за која се утврдува основицата на осигурување.

Член 8

Придонесот се пресметува и плаќа од основицата на осигурување од член 5 односно член 7 на оваа одлука според стапката на основниот придонес која важи во моментот на поднесувањето на барањето со: примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонеси од чист личен доход.

Член 9

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување стасува за плаќање до 30 во месецот за претходниот месец и се уплатува на жиро-сметка на Заедницата.

Член 10

Ако приемот во осигурување се врши и за период пред поднесувањето на барањето придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се пресметува од основицата на осигурување од член 5 односно член 7 на оваа одлука со примена на стапката на придонесот од член 8 на оваа одлука.

Вкупно утврдениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување од претходниот став се пресметува со примена на валоризационен коефициент кој се добива кога просечниот чист личен доход во Републиката во годината што претходи на годината ко га е поднесено барањето се подели со просечниот чист личен доход во Републиката во годината за која се установува правото на осигурување.

Член 11

Врз основа на барањето и приложените докази надлежната стручна служба за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување во прв степен донесува решение за прием во осигурување.

Со решението од претходниот став се утврдува и основицата на осигурување од која се пресметува придонесот и висината на придонесот.

Член 12

Стажот на осигурување и личниот доход кој служи за утврдување на пензиската основа за времето поминато на задолжително осигурување се евидентира во матичната евиденција согласно Законот за матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на пријавување на осигурување, пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на осигурениците вработени во странство („Службен весник на СРМ" бр. 42/86 и 49/88).

Член 14

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 15-1231/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**152.**

Врз основа на член 90 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83 и 4/89) и член 98 став 3 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 1989 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ ВО ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува организацијата, составот и начинот на работа на Стручните органи

за оцена на работната способност во пензиското и инвалидското осигурување, начинот на донесувањето наод, оценка и мислење, содржината и видот на медицинската, работната, социјалната и друга документација, содржината на наодот, оценката и мислењето и другите обрасци кои се употребуваат во постапката и други прашања од значење за оцена на работната способност.

Член 2

Стручните органи за оцена на работната способност на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија даваат наод, оценка и мислење за постоење на: намалена, односно преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност и изменета работна способност при остварувањето на права во самоуправните организации и заедници, постоење на загубена работна способност, намалена односно преостаната работна способност со која може да се оствари право на инвалидска пензија или други права кои се остваруваат во Заедницата: постоење на телесно оштетување, потреба од помош и нега од друго лице, причината и денот на настапувањето на осигурениот случај, телесното оштетување односно потребата од помош и нега и неспособноста за работа односно за стопанисување на член на семејството на осигуреникот кога е тоа потребно за остварување право на семејна пензија.

Стручните органи за оцена на работната способност можат да даваат наод, оценка и мислење за постоење на неспособност за работа на осигурениците и другите лица кога тоа е определено со закон или други прописи, односно кога тоа е договорено со спогодба со други органи и самоуправни организации и заедници.

Член 3

Оценката за инвалидноста и другите основи и медицински факти од член 2 став 1 на овој правилник се составен дел на постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Во постапката за оцена на работната способност учествува осигуреникот кој остварува право од пензиското и инвалидското осигурување.

Во постапката за оцена на работната способност може да учествува и лекарот кој го лекува осигуреникот, претставник на здравствената организација ако таа го предлага поведувањето на постапката и претставник на организацијата на здружениот труд или друга самоуправна организација и заедница за чиј работник се врши оценката на работната способност (во натамошниот текст: организација).

Учесниците од став 1 и 2 на овој член во постапката за оцена на работната способност можат да изнесуваат податоци, докази и предлози и непосредно да учествуваат во работата на стручниот орган.

Член 5

Стручните органи за оцена на работната способност се формираат во Заедницата како првостепена и второстепена комисија за оцена на работната способност.

Првостепената и Второстепената комисија за оцена на работната способност може да работат во повеќе состави

Бројот на составите на комисиите за оцена на работната способност од став 2 на овој член се определува со самоуправен општ акт на работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

## II. СОСТАВ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 6

Првостепената и Второстепената комисија за оцена на работната способност се состојат од по три члена од кои двајца се лекари по одредена специјалност (медицина на трудот, интернист, хирург, невропсихијатар, фтизиолог и др.) и стручен работник за правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 7

Составите на Првостепената и Второстепената комисија за оцена на работната способност имаат претседавачи кои се избираат на две години од редот на лекарите.

Член 8

Првостепената и Второстепената комисија за оцена на работната способност се организираат во рамките на работната заедница на Стручната служба на Заедницата како одделение за оцена на работната способност.

Внатрешната организација, распределбата на работата, специјалноста на лекарите членови на комисиите за оцена на работната способност и други прашања за организацијата на работата поблиску се уредуваат со самоуправен општ акт на работната заедница на Стручната служба на Заедницата.

Член 9

По исклучок од член 6 на овој правилник раководителот на Одделението за оцена на работната способност може, по потреба, да учествува во работата на составите на Првостепената комисија за оцена на работната способност и во работата на Второстепената комисија, доколку не учествувал во претходната постапка.

Член 10

Првостепената и Второстепената комисија можат да вршат оцена на работната способност и на осигуреници и лица кои право од пензиското и инвалидското осигурување остваруваат во другите самоуправни интересни заедници на пензиското и инвалидското осигурување по барање на тие заедници и на нивните органи.

Првостепената и Второстепената комисија можат да вршат оцена на работната способност и на осигуреници кои правата ги остваруваат по меѓународни договори за социјално осигурување.

Член 11

За осигурениците и лицата чие постојано место на живеење е на подрачјето на друга самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување, органот што решава за правото на осигуреникот може да бара оцената на работната способност на осигуреникот да ја изврши стручниот орган на таа заедница заради целисходност и економичност во постапката со оглед на оддалеченоста на постојаното место на живеење и други објективни околности.

## НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Член 12

Првостепената и Второстепената комисија во својата работа се должни:

— да се придржуваат на одредбите на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување; Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Статутот на Заедницата, овој правилник и други самоуправни општи акти на Заедницата;

— да се придржуваат на начелата на достигањата на современата медицинска наука и практика;

— да ги почитуваат начелата на етиката и на медицинската струка, и

— да ги применуваат критериумите за оценка на работната способност.

Член 13

Во вршењето на оценката на работната способност комисиите се самостојни во рамките на овластувањата, правата и должностите утврдени со закон, Статутот на Заедницата и овој правилник.

Член 14

Првостепената комисија дава наод, оценка и мислење врз основа на потполна медицинска, работна и друга документација и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

Член 15

Првостепената комисија, пред да даде наод, оценка и мислење, врши увид во медицинската документација и непосреден преглед на осигуреникот.

Првостепената комисија може, по исклучок, да даде наод, оценка и мислење и без непосреден преглед, врз основа на медицинската и друга документација кога осигуреникот поради објективни причини не може да биде прегледан (во случај на смрт, сместување во болница, престој во странство или кога од медицинската документација може јасно да се утврди фактичната состојба и слично).

Непосредниот преглед на осигуреникот може да се изврши и во неговиот дом, во здравствена организација во која се наоѓа на лекување, како и на други места во седиштетото или надвор од седиштето на комисијата.

Член 16

Второстепената комисија, по правило, дава наод, оценка и мислење врз основа на медицинската и друга документација за осигуреникот, а кога тоа е потребно и врз основа на непосреден преглед на осигуреникот.

Член 17

Со работата на составот на Првостепената и Второстепената комисија раководи претседавач.

Составите на Првостепената и Второстепената комисија може да даваат наод, оценка и мислење само кога работат во полн состав.

Составите на Првостепената и Второстепената комисија даваат наод, оценка и мислење со мнозинство на гласови.

Член на составот на Првостепената и на Второстепената комисија има право да го издвои своето мислење, но е должен писмено да го образложи.

Член 18

Првостепената комисија е должна да ги има предвид податоците, доказите и предлозите на претставниците на здравствената организација која предложила поведување на постапката односно која го лекувала осигуреникот и претставникот на организацијата за чиј работник се врши оценка на работната способност.

ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 19

Постапката за оцена на работната способност се поведува по барање на осигуреникот или по предлог на лекарот што го лекува осигуреникот или лекарската комисија или по предлог на организацијата односно работодавецот кај кого е вработен работникот.

Кон барањето, односно предлогот за оцена на работната способност, задолжително се прилага работна и друга документација потребна за утврдување на работната способност со опис и попис на работите и работните задачи (образец бр. 1) со Предлог за медицинско вештачење и наод и мислење за задолжителната состојба и работната способност на осигуреникот од надлежниот лекар (образец бр. ——).

Член 20

Барањето на осигуреникот односно предлогот за оцена на работната способност за правата што се остваруваат во Заедницата, заедно со барањето за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување, се поднесува до стручната служба на пензиското и инвалидското осигурување надлежна за решавање во прв степен (во натамошниот текст: надлежната стручна служба).

Барањето на осигуреникот односно предлогот за оцена на работната способност за правата што се остваруваат врз основа на намалена односно преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност се поднесува во организацијата во која работникот е вработен.

Барањето односно предлогот надлежната стручна служба односно организацијата го комплетира со општи податоци за работникот, со опис и попис на работите и работните задачи на кои е распореден кои се од влијание за оценување на работната способност и предлог за распоредување на други работи и работни задачи во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Во постапката за прибирање на податоците од став 2 на овој член организацијата остварува непосредна соработка и обезбедува активно учество на работникот.

Член 21

Општите податоци за осигуреникот со описот на работите и работните задачи на кои е распореден се пополнуваат според барањето на соодветниот образец бр. 1 кој содржи: општи податоци за осигуреникот, податоци за социјалната положба, стручната подготовка, пензискиот стаж, организацијата во која е вработен, податоци за работите и работните задачи на кои е распореден и кои ги врши, предлог за распоредување на други работи и работни задачи, условите за работа и опис на технолошкиот процес на работата и попис на работите и работните задачи во организацијата кои одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа.

Член 22

По барањето на осигуреникот, односно предлогот за оценка на работната способност, лекарот што го лекува осигуреникот врз основа на непосредниот преглед, медицинската документација за осигуреникот и описот и пописот на работите и работните задачи дава мислење за здравствената состојба и работната способност на осигуреникот.

Мислењето на лекарот од став 1 на овој член се дава на посебен образец „Предлог за медицинско вештачење, со наод и мислење за здравствената состојба и работната способност на осигуреникот од надлежниот лекар" (образец бр. ——)

Член 23

Предлогот за медицинско вештачење, со наодот и мислењето за здравствената состојба и работната способност на осигуреникот подготвен од надлежниот лекар содржи: лични податоци за осигуреникот, анамнестички податоци, лекарски наод во моментот на подготовката на осигуреникот за упатување на комисијата за оцена на работната способност, податоци за лекувањето и резултатите од лекувањето, дијагнози (болести според значењето на влијанието на работната способност, главна болест која е од битно влијание на работната способност; други болести кои влијаат на работната способност и споредни болести кои не влијаат на работната способност), мислење и став на надлежниот лекар во врска со подготовката и упатувањето на осигуреникот на комисијата за оцена на работната способност, заради медицинско вештачење за правата по основ на инвалидност.

Кон предлогот од став 1 на овој член се прилага и соодветна медицинска документација на која се заснова мислењето на надлежниот лекар за здравствената состојба на осигуреникот и за верификација на дијагнозите според утврдените критериуми.

Член 24

Ако надлежната стручна служба, односно организацијата утврди дека мислењето на надлежниот лекар не е поднесено на предвидениот образец или дека

не ги содржи сите предвидени податоци, или не е приложена соодветна медицинска документација, мислењето го враќа на надлежниот лекар за да ги отстрани недостатоците односно да го дополни мислењето.

Член 25

Барањето на осигуреникот, односно предлогот за оцена на работната способност комплетиран според член 19 до 23 од овој правилник надлежната стручна служба односно организацијата го доставува на Првостепената комисија заради оцена на работната способност.

## ПОСТАПКА ВО ПРВОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА

### 1. Работа на комисијата при прегледот

Член 26

По приемот на предметот Првостепената комисија утврдува дали предметот е комплетиран со сите докази и податоци од член 19 до 23 од овој правилник и дали врз основа на тие докази и податоци може да ја оценува работната способност на осигуреникот.

Ако комисијата утврди дека предметот не е комплетиран со потребната медицинска и работна документација или утврди други недостатоци од битно значење за оценување на работната способност кои на денот на прегледот не би можеле да се отстранат, предметот се враќа на надлежната стручна служба односно на организацијата заради докомплетирање, односно отстранување на недостатоците.

Комисијата може да бара дополнителна медицинска документација од специјализирана здравствена организација ако е потребно заради оценка на работната способност.

Член 27

Кога комисијата утврди дека во предметот се прибрани сите потребни докази и податоци, го одредува денот на прегледот на осигуреникот и го повикува на непосреден преглед.

Поканата за непосреден преглед на осигуреникот содржи податоци за денот, времето и местото на прегледот, напомена за податоците и дополнителните докази кои треба да ги донесе на денот на прегледот, како и укажување на правните последици што ќе настанат ако на одредениот ден неоправдано не се јави на преглед.

Истовремено со повикувањето на осигуреникот за денот на прегледот комисијата ја известува и организацијата во која осигуреникот е вработен да прати свој претставник кој ќе дава појаснување за работите и работните задачи во организацијата кои одговараат на стручната подготовка на осигуреникот, односно на неговата работна способност стекната со работа.

### 2. Преглед на осигуреникот и утврдување на работната способност

Член 28

На денот на прегледот комисијата врши непосреден лекарски преглед на осигуреникот и обработка на предметот и донесува заклучок за неговата здравствена состојба и работната способност.

На лекарскиот преглед на осигуреникот присуствуваат само лекарите.

Ако при прегледот се утврдат нови болести или влошување на здравствената состојба, комисијата може да бара дополнување на медицинската документација со наод од медицински стручни или специјализирани здравствени организации.

Член 29

Стручниот работник — претставникот на организацијата — член на комисијата ги запознава другите членови на комисијата со:

1) стручната подготовка односно квалификацијата на осигуреникот;

2) работите и работните задачи на кои осигуреникот е распореден, условите за работа и карактеристиките на тие работи и работни задачи;

3) работите и работните задачи во основната организација кои одговараат на неговата стручна подготовка односно на работната способност стекната со работа, условите за работа и процесот на работата во организацијата или кај работодавецот кај кого е вработен;

4) стажот на осигурување и пензискиот стаж на осигуреникот, и

5) други факти и околности од битно значење за оцената на работната способност.

Член 30

Покрај податоците од член 29 на овој правилник, секој член на комисијата може да бара поблиски податоци и објаснувања за организацијата на работата, процесот на работата и условите за работа во организацијата од претставникот на организацијата или од лекарот што го лекува осигуреникот за неговата здравствена состојба, кои можат да влијаат за правилна оцена на работната способност.

Член 31

По завршувањето на постапките од член 28, 29 и 30 од овој правилник, врз основа на фактите од извештајот по наодот и мислењето на надлежниот лекар, приложената медицинска и работна документација, непосредниот преглед на осигуреникот и мислењето на консултантите, комисијата ги утврдува заболувањата, ги утврдува дијагнозите, како и степенот на анатомофолошките и функционалните оштетувања за осигуреникот.

Ако комисијата утврди дека лекувањето на осигуреникот не е завршено, донесува наод, оценка и мислење за потреба од натамошно лекување, односно медицинска рехабилитација, поради тоа што здравствената состојба односно работната способност не е дефинитивна и трајна.

Ако комисијата утврди дека лекувањето е завршено, врз основа на анатоморфолошките функционални оштетувања кај осигуреникот ги утврдува медицинските контраиндикации што ги предизвикуваат тие оштетувања, ги споредува со можностите на осигуреникот и барањата на работите и работните задачи на кои осигуреникот е распореден и кои ги врши и ако утврди дека осигуреникот може да ги врши донесува наод, оценка и мислење дека кај осигуреникот не постои загубена ниту намалена работна способност, односно не постои инвалидност.

Ако комисијата утврди дека осигуреникот не може да работи со полно работно време на работите и работните задачи на кои е распореден, ја оценува способноста за работа на работите и работните задачи кои одговараат на неговата стручна подготовка односно на работната способност стекната со работа, врз основа на описот и пописот на тие работи и работни задачи и ако утврди дека може да работи на тие работи и работни задачи со полно работно време донесува наод, оценка и мислење дека не постои загубена ниту намалена работна способност, односно не постои инвалидност.

Ако Комисијата утврди дека осигуреникот не е способен да работи ниту на една од работите и работните задачи во неговата организација кои одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа, или такви работи во организацијата нема, донесува наод, оценка и мислење дека постои инвалидност и утврдува дали настапила загубена или намалена работна способност.

Член 32

Комисијата утврдува дека кај осигуреникот настапила намалена работна способност кога ќе утврди дека осигуреникот не е способен да работи со полно работно време на работите и работните задачи на кои осигуреникот е распореден и кои ги врши, како и за работите и работните задачи во неговата организација кои одговараат на неговата стручна подготовка или способност стекната со работа, а е способен тие работи и работни задачи да ги врши најмалку со половина од полното работно време или е способен со полно или пократко од полното работно

време да работи на други работи и работни задачи во својата или во друга организација, со или без претходна преквалификација или доквалификација.

Член 33

Во случаите кога се оценува работната способност на осигурениците кои правата врз основа на преостанатата работна способност ги остваруваат во Заедницата, комисијата го утврдува и степенот на преостанатата работна способност, другите работи и работни задачи кои може да ги врши со полно работно време, односно и работите и работните задачи кои може да ги врши со претходна преквалификација или доквалификација и донесува наод, оценка и мислење за утврдената состојба со наведување на медицинските контраиндикации.

Член 34

Во случаите кога се оценува дека не постои загубена работна способност, комисијата во наодот се произнесува за постоење на намалена работна способност кај осигурениците што навршиле 40 години (жена) односно 45 години (маж), над кои години не се обезбедува право на преквалификација или доквалификација и по навршување на 50 години (жена), односно 55 години (маж), над кои години не се обезбедува право на распоредување, односно право на соодветно вработување.

Член 35

Ако на настапувањето на инвалидноста влијаат повеќе причини (повреда, болест, професионална болест), наодот, оценката, мислењето на комисијата треба да содржи мислење во кој обем влијаела врз вкупната инвалидност секоја причина одделно и дали секоја причина сама за себе предизвикала инвалидност.

Член 36

Во случаите кога се оценува работната способност за осигурениците кои правата врз основа на намалената односно преостанатата работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност се остваруваат во организацијата, комисијата, откако ќе утврди дека лекувањето е завршено, врз основа на анатомско-функционалните оштетувања кај осигуреникот ги утврдува медицинските контраиндикации што ги предизвикуваат тие оштетувања, ги споредува со можностите на осигуреникот и барањата на работите и работните задачи на кои осигуреникот е распореден и кои ги врши и ако утврди дека осигуреникот може да ги врши донесува наод, оценка и мислење дека кај осигуреникот не постои намалена ниту изменета работна способност.

Ако комисијата утврди дека работникот не може да работи со полно работно време на работите и работните задачи на кои е распореден, ја оценува способноста за работа на работите и работните задачи дали тие одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа врз основа на описот и пописот на тие работи и работни задачи или од увидот во организацијата и ако утврди дека е способен да ги врши тие работи и работни задачи со полно работно време донесува наод, оценка и мислење дека не постои намалена работна способност, но постои изменета работна способност.

Член 37

Ако комисијата утврди дека осигуреникот не е способен да работи со полно работно време на работите и работните задачи на кои е распореден, не е способен ниту за работите и работните задачи кои одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа, или ако утврди дека во неговата организација такви работи и работни задачи нема, донесува наод дека кај работникот постои намалена работна способност (инвалидност) и дава мислење за степенот на преостанатата работна способност и тоа:

— ако утврди дека е способен со полно работно време да врши други соодветни работи и работни задачи во својата или во друга организација, дава мислење кои се тие работи и работни задачи со наведување на медицинските контраиндикации;

— ако утврди дека не е способен ниту за други соодветни работи и работни задачи, а по пат на преквалификација или доквалификација може да се оспособи за други работи и работни задачи со полно работно време, дава мислење за кои работи и работни задачи може да се оспособи со наведување на медицинските контраиндикации.

Член 38

Ако комисијата утврди дека работникот не е способен со полно работно време за вршење на сите работи и работни задачи од член 36 и 37 од овој правилник, но е способен да работи со скратено работно време на своите или на други соодветни работи и работни задачи, дава мислење кои се тие работи и работни задачи со наведување на медицинските контраиндикации и со колкаво работно време може истите да ги врши.

Член 39

Ако комисијата утврди дека кај работникот не постои инвалидност, или изменета работна способност, но работата на своите работи и работни задачи и условите за работа влијаат врз здравствената состојба и работната способност на работникот во таа мера што се забележува нарушување на неговата здравствена состојба, дава мислење дека постои опасност од настапување на инвалидност и потреба од неопходна промена на работите и работните задачи заради спречување на настанување на инвалидност и ги наведува работите и работните задачи на кои би можел да се распореди со наведување на медицинските контраиндикации.

Член 40

Во случаите кога се оценува работната способност за постоење на намалена односно преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност за правата што се остваруваат во организацијата и комисијата оцени дека кај работникот настапило загубување на работната способност, а работникот ги навршил годините со кои може да се оствари право на инвалидска пензија, комисијата дава наод, оценка и мислење дека не постои намалена односно преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност за остварување право на работа со скратено работно време, распоредување на други работи и работни задачи и право на преквалификација или доквалификација, но постои намалена, односно загубена работна способност за остварување право на инвалидска пензија.

Во случаите кога се оценува постоење на загубена или намалена, односно преостаната работна способност кога се остварува право на инвалидска пензија, а комисијата оцени дека постои намалена односно преостаната работна способност, или опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност за остварување право на работа со скратено работно време, распоредување на други работи и работни задачи и право на преквалификација или доквалификација, донесува наод дека не постои намалена, односно загубена работна способност за остварување право на инвалидска пензија, но постои намалена односно преостаната работна способност за остварување на права во организацијата по таа основа.

Наодот, оценката и мислење од став 1 и 2 на овој член се користи во постапката за остварување на правата во организацијата како и постапката за остварување на право пред надлежната стручна служба и еден примерок се врачува на осигуреникот.

При оценката на работната способност од став 1 и 2 на овој член осигуреникот се поучува за правото што може да го оствари врз основа на донесениот наод како и за натамошниот тек на постапката.

**3. Содржина на наодот, оценката и мислењето**

Член 41

По оценувањето на работната способност според член 28 и 35 од овој правилник, Првостепената комисија донесува наод, оценка и мислење на образецот бр. 4.

Наодот, оценката и мислењето на комисијата содржи:

1) лични податоци: име, татково име и презиме, ден, месец, година и место на раѓањето, број на личната карта и адреса на постојаното место на живеење;

2) исцрпни анамнестички податоци, податоци за лекувањето и наод на лабораториски и специјалистички испитувања;

3) дијагнози на болести кои влијаат на работната способност (со превод на македонски јазик) и шифра на дијагноза на болеста;

4) дали лекувањето е завршено;

5) медицински контраиндикации кои се условени од утврдената здравствена состојба;

6) мислење за работната способност на осигуреникот (постои или не постои загубена, намалена односно преостаната работна способност, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност);

7) мислење за работна способност на осигуреникот;

8) ден на настапувањето на инвалидноста; опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност;

9) мислење за постоење на инвалидност — загубена работна способност за индивидуалните земјоделци;

10) причина за настапувањето на инвалидноста;

11) мислење за постоење потреба од помош и нега, телесно оштетување, процентот на телесното оштетување и причината на денот на нивното настапување;

12) мислење за потреба од контролен преглед, и

13) образложение на наодот, оценката и мислењето.

Член 42

По донесувањето на наодот, оценката и мислењето комисијата усно го известува осигуреникот за утврдената работна способност и го поучува за натамошниот тек на постапката за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување а предметот го враќа на надлежната стручна служба односно организација со наодот, оценката и мислењето.

## УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЊЕ НА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ И ПОТРЕБА ОД ПОМОШ И НЕГА

Член 43

За осигурениците за кои се оценува работната способност заради остварување право на инвалидска пензија, комисијата во истата постапка оценува дали кај осигуреникот постои телесно оштетување и потреба од помош и нега од страна на друго лице и своето мислење го дава во истиот наод, оценка и мислење.

Ако при оценката на намалена односно преостаната работна способност за права што се остваруваат во организацијата, комисијата утврди постоење на телесно оштетување, осигуреникот го упатува да поднесе барање до надлежната стручна служба.

Член 44

Кога осигуреникот поднел барање само за остварување право или паричен надоместок за телесно оштетување или паричен надоместок за помош и нега, комисијата дава наод, оценка и мислење само за постоењето на телесното оштетување, односно потребата од помош и нега, не впуштајќи се во оценката на работната способност на осигуреникот.

Во случаите од став 1 на овој член барањето за утврдување на телесно оштетување и потреба од помош и нега се приложува само медицинска документација која укажува на постоењето на тие факти, без предлог за вештачење и мислење на надлежниот лекар (образец бр. ——).

Мислењето за постоење на телесно оштетување, односно потреба од помош и нега комисијата го дава на соодветен образец „Наод, оценка и мислење“ како и при оценувањето на работната способност, со тоа што за телесно оштетување се наведува видот, главата, точката и процентот според Листата на телесните оштетувања и се утврдува денот и причината за неговото настапување.

При вештачењето на потребата за помош и нега во наодот се внесува лекарскиот објективен физикален наод (описно) со одговор на прашањата што доведуваат до постоењето на потребата од помош и нега и тоа поодделно во поглед на основите кои сами за себе или кумулативно доведуваат до постоење на потребата од помош и нега.

Заради појаснување на даденото мислење за потребата од помош и нега во образложението на наодот се изнесува поконкретната состојба на осигуреникот (лежи неподвижен во кревет, дали е свесен, дали воспоставува контакт и сл.)

Член 45

По исклучок од член 6 на овој правилник, постоењето на потреба од помош и нега го утврдува комисијата во состав од еден член лекар специјалист и стручен работник за право од пензиското и инвалидското осигурување.

Кога оценката за постоење на потреба од помош и нега се врши во домот на осигуреникот учествува само лекарот поединец од став 1 на овој член.

## УТВРДУВАЊЕ НА НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО

Член 46

Првостепената комисија врши оценка на неспособноста за работа, односно дали кај членот на семејството постои загубена работна способност, а кај децата неспособност за самостоен живот и работа со кои се остварува право на семејна пензија, по истата постапка по која се оценува инвалидност.

Своето мислење комисијата го дава на соодветен образец „Наод, оценка и мислење“ со тоа што во него посебно се нагласува сродството на членот на семејството со осигуреникот односно корисникот од кого се изведува семејната пензија и денот на настапувањето на таа неспособност.

## УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ПО МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Член 47

Утврдувањето на работната способност на осигурениците кои остваруваат права од пензиското и инвалидското осигурување според меѓународни договори се врши на начин и по постапка предвидени со овој правилник и меѓународни договори за социјално осигурување.

Во случаите од став 1 на овој член, наодот, оценката и мислењето се дава на образец предвиден со меѓународен договор, а ако таков образец не е предвиден на образецот број 4: „Наод, оценка и мислење“ предвиден со овој правилник.

## ПОСТАПКА ВО ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 48

Ако осигуреникот поднесе жалба против решението за право од пензиското и инвалидското осигурување со која се напаѓа оценката на инвалидноста и работната способност, телесното оштетување, потребата од помош и нега, надлежната стручна служба односно организацијата жалбата заедно со сите списи во предметот ја доставува на Заедницата.

Работникот кој е задолжен да подготви решение по жалбата во случаите кога со жалбата се напаѓа инвалидноста, опасноста од настапување на инвалид-

ност или изменета работна способност, телесното оштетување односно потребата од помош и нега, жалбата со сите списи ја доставува на Второстепената комисија за оцена на работната способност и укажува на прашањето и околностите за кои комисијата треба да даде наод, оценка и мислење.

Член 49

Второстепената комисија за оцена на работната способност, врз основа на медицинската и работната документација во предметот и новата документација доставена со жалбата, и прибавена во постапката по жалба, донесува наод, оценка и мислење за работната способност.

Кога Второстепената комисија по повод жалбата утврди поинаква фактичка состојба и даде поинакво мислење од првостепената, должна е еден примерок од својот наод, оценка и мислење да и достави на Првостепената комисија.

Член 50

Наодот, оценката и мислењето на Второстепената комисија (образец број 5) содржи:

1) лични податоци: име, татково име и презиме, ден, месец, година и место на раѓањето, број на личната карта, адреса на постојаното место на живеење;

2) број на наодот, оценката и мислењето кое се оспорува и причини поради кои се оспорува;

3) дополнение на анамнестичките податоци;

4) дополнение на клиничките, специјалистичките, лабораториските и други наоди од новата медицинска документација;

5) дијагнози и шифра на дијагнозата на болеста;

6) медицински контраиндикации кои се условени од утврдената здравствена состојба;

7) заклучок за работната способност на осигуреникот;

8) мислење за работната способност на осигуреникот;

9) мислење за постоење на инвалидност — загубена работна способност на индивидуалните земјоделци;

10) причина за настапување на инвалидноста, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност;

11) ден на настапувањето на инвалидноста, опасност од настапување на инвалидност или изменета работна способност;

12) образложение на наодот, оценката и мислењето.

## ПРОМЕНИ ВО СОСТОЈБАТА НА ИНВАЛИДНОСТА

Член 51

Промените во состојбата на инвалидноста, изменетата работна способност, опасноста од настапување на инвалидност и телесното оштетување на осигуреникот, кои се од влијание на правото признато со правосилно решение, можат да се утврдуваат во постапка покрената по барање на осигуреникот.

По исклучок од став 1 на овој член, надлежниот орган за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување може, на иницијатива на лекар поединец, комисијата за оцена на работната способност или самоуправната организација или заедница, да определи повторен комисиски преглед на инвалидите на трудот со преостаната работна способност кои по таа основа се здобиле со некое право заради утврдување на промени во состојбата на инвалидноста и потребата од помош и нега односно заради утврдување на потребата и можностите за поцелесообразно искористување на преостанатата работна способност.

Член 52

Барањето за повторен комисиски преглед од член 51 на овој правилник се поднесува до надлежната стручна служба односно организацијата каде осигуреникот е вработен.

Во случаите кога барањето за повторен комисиски преглед се покренува од организацијата, се поднесува до стручниот орган за оцена на работната способност.

Член 53

Кон барањето за повторен комисиски преглед се приложува медицинска односно работна документација како и поранешни мислења на комисиите за оцена на работната способност потребни за проверка на работната способност.

Член 54

При повторен комисиски преглед од член 51 на овој правилник надлежниот орган на Заедницата донесува наод, оценка и мислење на утврден образец (образец бр. ——).

Наодот, оценката и мислењето на контролниот преглед содржи:

1) лични подагоци,

2) поранешни мислења на инвалидските комисии;

3) причини за упатување на контролен преглед;

4) примена на работите и работните задачи;

5) примена на здравствената состојба;

6) дијагнози на болестите кои настанале по извршениот последен комисиски преглед, шифра на дејноста на болеста;

7) мислење на комисијата во однос на работната способност кое треба да содржи:

а) дали се настанати такви промени во здравствената состојба кои се од влијание на порано утврдената инвалидност (влошување односно подобрување на здравствената состојба или нов случај на инвалидност);

б) дали заради настанатите промени во здравствената состојба е потребно да се прошират медицинските контраиндикации;

в) дали инвалидот на трудот е распореден на други работи и работни задачи според контраиндикациите што ги утврдила инвалидската комисија, дали другата соодветна работа одговара на психофизичките можности на инвалидот на трудот, дали со успех работи на другата соодветна работа;

г) за осигуреникот кој не бил упатен на преквалификација или доквалификација односно на вработување во рок од една година од денот на донесувањето на решението за правата, а кај кој не дошло до промена на здравствената положба, дали е потребно (покрај одредените работни задачи за кои би можел да се оспособи со преквалификација или доквалификација односно на кои би можел да се вработи) да се одредат уште некои други работи и работни задачи кои повеќе би одговарале на неговите психофизички можности и реалните можности за преквалификација или доквалификација односно вработување.

8) утврдена промена на инвалидноста и преостанатата работна способност;

9) датум на настанатата промена;

10) образложени мислења.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 55

До влегувањето во сила на Самоуправната спогодба за задолжителниот обем и содржина на медицинската документација во постапката за остварување на право по основа на инвалидност односно до подготвувањето на предлогот за вештачење од член 19 став 2 на овој правилник, медицинската документација со извештајот за наодот и мислењето на надлежниот дека ќе се дава на постојниот образец број 3.

Член 56

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на стручните органи за оцена на работната способност во пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 13/84, 44/86).

Член 57

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 15-1228/1
25 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**153.**

Врз основа на член 217 точка 5 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата и член 47 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 26 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И УТВРДУВАЊЕ ДИНАМИКА НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Се донесуваат следните програми за воспитно-образовна дејност во основното воспитание и образование и се утврдува динамика за нивна примена:

1. Програма по запознавање на општеството за IV одделение, од учебната 1989/90 г. со постојниот учебник, а од 90/91 со усовршен учебник.

2. Програма по музичка култура од I до IV одделение (заедно) да почне да се применува од учебната 1990/91 година.

3. Програма по музичка култура од V до VIII одделение (поединечно), да почнат да се применуваат сукцесивно од учебната 1990/91 со усовршени учебници, обезбедени ленти и прирачници.

4. Програма по странски јазици за основното воспитание и образование (усовршена) со примена од учебната 1989/90 година.

5. Програма по хемија за VII и VIII одделение во основното воспитание и образование (усовршена) со примена од учебната 1989/90 година.

6. Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст со примена од 1989/90 година.

7. Основи на програмата за работа на психологот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст со примена од 1989/90 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-561/5
26 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

**154.**

Врз основа на член 217 алинеја 5, а во врска со член 126 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83) и член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата по предлог на Педагошкиот совет бр. 13-38/1 од 10. 04. 1989 г. на седницата одржана на 26 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА СЕ ДОНЕСУВА НОРМАТИВ ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР ВО ОСНОВНОТО МУЗИЧКО И БАЛЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката со која се донесува Норматив за наставниот кадар во основното музичко и балетско образование, бр. 11-1328/7 („Службен весник на СРМ" бр. 48/88), донесена од Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на 6 декември 1988 година, во член 1 дел I по точка 8, се додаваат 3 нови точки кои гласат:

„9. Гитара

Факултет по музичка уметност, насока:

а) инструментална — соодветен инструмент;

б) музичка теорија и педагогија — инструмент гитара (како прв инструмент).

10. Хармоника

Факултет за музичка уметност, насока:

а) инструментална — соодветен инструмент;

б) музичка теорија и педагогија;

Инструмент хармоника (еден од двата инструмента).

11. Мандолина

Факултетот за музичка уметност, насока: музичка теорија и педагогија, инструмент мандолина (еден од двата инструмента)."

Член 2

Во останатиот текст Одлуката останува непроменета.

Член 3

Дополнувањето на Нормативот ќе се применува од учебната 1989/90 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-561/7
26 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за долг по тужбата на тужителот „Јуститија" АГ од Цирих, застапувана од адвокатите Владимир Рупчиќ и Зденко Одиќ од Загреб, а преку адвокатот Емилија Станковиќ од Скопје, со пренесено полномошно, против тужениот Синани Исамедин од Скопје, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 7.189,80 ЦХФ.

Се повикува тужениот Синани Исамедин, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас, или, пак, во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку не постапи на горе опишаниот начин судот ќе спроведе постапка за поставување на привремен застапник во смисла на член 84 од ЗПП, кој ќе ги штити неговите права и интереси во оваа постапка.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XV. П. бр. 29/89. (72)

---

Во овој суд е заведен спор за оспорување на татковство по тужбата на малолетната тужителка Јасмина Мерџановска од с. Илинден, ул. „Братство единство" бр. 22, преку својот старател адвокатот Томислав Николовски од Скопје, против тужените Драган Гориќ од с. Равниште, СО Витино, сега со непозната адреса на живеење, и Браниславка Мерџановска од с. Илинден, ул. „Братство единство" бр. 20.

Се повикува тужениот Драган Гориќ да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок, да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужениот Драган Гориќ не се јави во рок од 30 дена ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје XI П. бр. 3196/88. (73)

Во овој суд е заведен спор за раскинување на договор за стан по тужбата на тужителот СФРЈ — КОГ — Скопје — застапувана од воен правобранител на град Скопје, против тужениот Клепиќ Драган од Скопје, ул. „Јани Лукровски“ бр. 2/31, а сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 10.000.000 динари.

Се повикува тужениот Клепиќ Драган да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во овој суд или во истиот рок да достави точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапуван од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XI П. бр. 3121/88. (77)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Исеини Рамадан Хасиб од с. Чегране, кој привремено е вработен во Германија, против тужената Исеини родена Хасаноска Ханмша, која привремено е во Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужената Исеини Ханмша, родена Хасаноска, да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот или, да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку во овој рок не се јави ќе и биде одреден привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП и истиот ќе ги застанува нејзините интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 745/88

---

Општинскиот суд во Гостивар на тужениот Глигоровски Зоран од село Оздолени — Охридско, живеел во Белград на ул. „Неродимска“ бр. 11, моментално на работа во Франција со непозната адреса, тужен за надомест на штета, вредност на спорот 19.873, динари, му го поставува за привремен застапник лицето Петрески Васил, дипломиран правник од Гостивар, кој ќе го застапува тужениот се додека тој сам не се појави пред судот или не испрати свој полномошник за да го застапува по овој предмет.

Се повикува тужениот да се јави пред овој суд во рок од 30 дена или да ја соопшти својата адреса. Ако не се појави во овој рок, ќе го застапува привремен застапник во оваа постапка.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 680/82.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КИЧЕВО

Се повикува лицето Реџеп Рахим Хајдароски роден 1926 година во с. Црвивци — Кичево да се јави во Општинскиот суд во Кичево, како и секој оној што знае за неговиот живот да јави на овој суд во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен лист на СФРЈ“ и „Службен весник на СРМ“ бидејќи во овој суд се води постапка за докажување на смртта, за што по истекот на овој рок лицето ќе се прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Кичево, ВПП. бр. 12/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Серветт Хајдари од с. Камењане против тужените Сабри Арифи и други, од с. Камењане. Вредност на спорот 6.000.000 динари.

Се повикуваат тужените Рамадани Хамдриза и Рамадани Локман, да се јават во рок од 15 дена во судот или во одредениот рок да одредат свој полномошник. Во спротивно, судот ќе им постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 428/89.

Пред овој суд е поднесен предлог за физичка делба на предлагачите Менча Перовска од с. Жилче, и други против Мемеди Миќерем и други од с. Д. Палчиште, на привремена работа во Германија, со непозната адреса.

Се повикува лицето Мемеди Миќерем од с. Д Палчиште, а сега со непознато место на живеење во СР Германија, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе определи привремен застапник кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 684/88.

---

# РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 38 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 576-19 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ РО на основното образование и воспитание „11 Октомври“ — Прилеп, ООЗТ — ОУ „Кирил и Методиј“ — с. Канатларци, Прилеп со следните податоци: Лице овластено за застапување на ООЗТ е Стефановски Алексо, директор, со неограничени овластувања (досегашен в. д. директор).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 38/89. (80)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 197 од 22. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 4-2310-0-0-0, го запиша во судскиот регистар запишувањето на работната заедница под фирма: Работна заедница на авто мото друштво „Јане Сандански“ Ц. О., булевар „Јане Сандански“ бр. 25, Скопје.

Работната заедница е основана со одлука на Собранието на Авто мото друштвото на 22. XII. 1988 година.

Основни дејности: 120190 — авто школа; 080202 — туристичко биро — услуги и помош на членови и други моторизирани туристи во врска со патувањето; менувачки работи и организирање на издавање на сите документи и бензински бонови на домашните и странските туристи; продажба на билети во домашниот и странскиот авионски, автобуски, железнички, речен, поморски и прекуокеански сообраќај, изнајмување автобуси и автомобили, организирање годишни одмори; хотелски резервации; излети во земјата и странство; организирање на сите видови конгреси, симпозиуми, културни и спортски и авто-мото манифестации и собири во земјата и странство; организирање авто кампови; продажба на сувенири, публикации и авто-туристички итинерери за домашните и странски туристи; организирање туристички водичи и сл.

070140 — промет на мало на моторни возила и резервни делови;

110309 — продавница за промет на комисиона продажба на возила, резервни делови и авто гуми, услуги во прометот, пренос на сопственост на моторни возила;

090121 — поправка и одржување на друмски моторни возила, сите браварски и металопреработувачки работи.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

За одговорноста и за обврските во правниот промет со трети лица гарантира со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Стоилко Спасовски, секретар со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 197/89. (137)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 270 од 20. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1980-0-0-0, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за згрижување и дневен одмор на корисниците на пензија и учесниците во НОВ „Јовче Кучук", Ц. О., Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Цицарева Лина в. д. директор, а се запишува Панче Попов, привремен работоводен орган со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 270/89. (138)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 316 од 28. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2136-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Новинско издавачката организација „Студентски збор", Ц. О., ул. „Пиринска" бб, Скопје, со следните податоци: Се запишува промената на својството на досегашниот в. д. директор Насте Стојкоски како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 316/89. (144)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 273 од 21. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2307-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на станбената задруга под фирма: Станбена задруга „Обнова" О. Сол. О. Валандово, ул. „Ленинова" бб.

Станбената задруга е основана со самоуправна спогодба од 25. I. 1989 година од следните основачи: Костадинов Костадин, Родиќ Сретен, Нунов Златко, Ѓорѓиев Драги, Џајковски Благоја, Ефтимов Јован, Сечков Костадин, Насков Божин, Гунов Нестор, Никовски Јован, Домовчиев Митко, Кочев Блачо, Георгиев Бранко, Цинишиќ Драги, Тошев Ристо, Кнежевиќ Милан, Арсов Нацо, Јорданов Ангел, Стојчев Ѕвонко, Терзиев Драги, Нечков Владимир и Булатовиќ Боривоје.

Основни дејности: 1. вршење на инвеститорски работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се наоѓаат во станбената зграда во која се наоѓаат и становите на членовите на задругата.

2. организирање на штедење на стан за членовите на задругата.

3. купување станбени згради и станови како и деловни простории доколку истите се предвидени во станбената зграда во која се наоѓа и станот на членот на станбената задруга заинтересиран за вршење на дејност со личен труд од општествено-правни лица за потребите на своите членови.

4. набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбени згради, станови и деловни простории за своите членови.

5. одржување на станбени згради и станови на членовите на станбената задруга.

Во правниот промет со трети лица станбената задруга работи во свое име и за своја сметка, односно за сметка на своите членови.

За обврските на задругата во правниот промет одговараат задругарите со сите свои средства.

За обврските на станбената задруга одговараат нејзините членови солидарно со своето емство во висина на трикратниот износ на задружниот влог кој изнесува 50.000 динари.

Лице овластено за застапување е Милан Костадинов, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 273/89. (123)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 222 од 27. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-2106-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата со Ц. О. — Гостивар ул. „Светозар Пепоски" бр. 61, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Дилвер Зулфиќари, в. д. секретар, а се запишува новиот застапник Нуфре Јованоски, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 222/89. (125)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 286 од 21. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1580-1-0-0, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно образование и воспитание „11 Септември" н. сол. о. со ООЗТ Кичево, ООЗТ Централно основно училиште „Санде Штерјоски" Кичево, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Настески Благоја, директор, а се запишуваат привремените мерки и лицата овластени за застапување: Софрониески Коста, претседател на привремениот одбор и членовите Александар Данилоски и Касум Садику, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 286/89. (126)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 230 од 6. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-235-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Његош" — Колонија — Идризово — Скопје, со целосна одговорност со следните податоци: Досегашниот в. д. директор Благоја Илиевски, се именува за директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 230/89. (128)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 177 од 3. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2223-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Универзитетот „Кирил и Методиј" РО Архитектонски факултет" Ц. О., Скопје, ул. „Партизански одреди" бб — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот декан проф м-р Георги Константиновски, дипл. инж. арх., а се запишува новиот застапник проф. Радомир Волињец, редовен професор, декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 177/89. (129)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 269 од 20. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-289-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Заводот за рехабилитација на деца и младинци ц. о. Скопје, „II Македонска бригада" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Трајан Димовски, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Велимир Ѓурчиноски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 269/89. (131)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 285 од 22. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1027-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занаетчиската керамичарска задруга „Макерамика" Скопје, ул. „Огњан Прица" 7 со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Петровски Јашко, в. д. директор ,а се запишува новиот застапник Пацинов Драган, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 285/89. (134)

### ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот тркалезен печат под назив: „Земјоделска задруга „Кучевиште" РО с. Кучевиште — Скопје" се огласува за неважен.

Загубениот тркалезен печат под назив: „Куќен совет, ул. „7060" А-2 Пелагонија — Скопје" се огласува за неважен.

# Мали огласи

**Се огласуваат за неважни следниге загубени документи:**

Одобрение за вршење дејност со личен труд УП. бр. 3377 од 20. XII. 1977 год. издадено од СО — Центар — Секретаријат за стопанство и труд — Скопје на име Јана Каратошева, Скопје. (1574)

Работна книшка на име Лазо Трајчов, Кочани.

Решение УП. бр. 6898 од 22. XII. 1984 година за угостителски дуќан, издадено од Собрание на општина Центар — Скопје на име Драгољуб Васовски, Скопје. (1593)

Работна книшка на име Ивица Цветковски, Куманово. (1600)

Воена книшка на име Џеват Јашари, Куманово.

Свидетелство за завршена III година, издадено од УСО „Моша Пијаде" Крива Паланка на име Ангеловски Кире, Крива Паланка. (1604)

Работна книшка на име Фадиљ Сабриу, Тетово.

Работна книшка на име Насфи Адеми, Гостивар.

Чековна карта бр. 237-71 и чекови од бр. 2683333 до 2383340 на име Благој Гичев, Виница. (1626)

Работна книшка на име Секула Батковски, с. Вевчани, Струга. (986)

Свидетелства од I до IV година на име Анета Петковиќ, ул. „Октомвриска" бр. 18/II-4, Куманово.

Работна книшка на име Ванчо Банов, Радовиш.

Воена книшка на име Ѓуро Спасовски, ул. „Ѓ. Ѓоновиќ" бр. 17, Куманово. (1650)

Работна книшка на име Рамадан Биљами, Куманово. (1653)

Работна книшка на име Лилјана Попоска, Охрид.

Тековна сметка бр. 15-50-049167, издадена од Југобанка основна банка — Скопје на име Петре Кочковски, Скопје. (1672)

Свидетелства за I, II и III година на име Скендер Захири, Куманово. (1680)

Работна книшка на име Кадри Муслија, Куманово. (1683)

Работна книшка, издадена во Крива Паланка на име Илиевски Боро, с. Градско, ул. „11 Октомври" бр. 22, Титов Велес. (1685)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Прилеп на име Мавчев Никола, с. Славеј, Прилеп. (1717)

Свидетелства за I и II година на име Жаклина Димитровска, Куманово. (1721)

Воена книшка на име Димитри Милески, ул. „Крилатица" бр. 2, Струга. (1723)

Воена книшка на име Џелил Исени, с. Гајре, Тетово. (1727)

Воена книшка на име Емини Куртиш, с. Палатица, Тетово. (1730)

Работна книшка на име Меват Руфати, Тетово.

Работна книшка на име Валентина Пејчинова, Делчево. (1767)

Работна книшка на име Стеван Гугучевски, Делчево. (1769)

Чековна карта бр. 15 50 02 1323, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Ацо Јованов, Скопје. (1772)

Воена книшка на име Радослав Бајдевски, с. Клечовце, Куманово. (1782)

Работна книшка на име Амди Акиф, Куманово.

Воена книшка на име Младен Ситникоски, ул. „Дримени", бр. 11, Струга. (1787)

Работна книшка на име Атанас Пачавроски, Гостивар. (1794)

Работна книшка на име Амети Али, Радовиш

Работна книшка на име Амди Селими, с. Франгово, Струга. (1810)

Возачка дозвола, сообраќајна и лична карта на име Ангел Илиев, с. Таринци, Штип. (1825)

Чекови од бр. 1477121 до бр. 1477130 од 20. IV. 1988 година, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Домазетовска Светлана, ул. „Јани Лукровски" кула XII стан 29, Скопје. (1831)

Работна книшка на име Беџети Шефки, Тетово.

Работна книшка на име Фазбија Фети, Тетово.

Работна книшка на име Минир Ибраими, Тетово.

Воена книшка на име Самет Исмаили, с. Г. Седларце, Тетово. (1856)

Сообраќајна книшка на име Огнан Спасовски, ул. „Партизанска" бр. 42, Виница. (1871)

Возачка дозвола на име Огнан Спасовски, ул. „Партизанска", бр 42, Виница. (1872)

Работна книшка, издадена од Титов Велес на име Стојменов Светлан, с. Виничани, Титов Велес.

Работна книшка на име Стојмен Тодоровски, Титов Велес. (1883)

Пасош и лична карта, издадени од СВР — Кочани на име Митко Трајчев, с. Тркање, Кочани. (1891)

Одобрение за изработка на шноли, игли и укосници и друго, издадено од Собранието на општина Карпош — Скопје на име Бошко Петковски, Скопје.

Работна книшка на име Ѓорѓија Мурџески, с. Вевчани, Струга. (1901)

Работна книшка на име Стојанче Стаменковски, Тетово. (1902)

Работна книшка на име Перо Васевски, Делчево.

Работна книшка на име Боро Стоиловски, Делчево. (1906)

Чекови од бр. 1558711 до бр. 1558720 од 24. V. 1988 година, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Ѓуровски Стојан, ул. „Миле Поп Јорданов" бр. 72/20, Скопје. (1909)

Работна книшка, издадена во Скопје на име Торбоска Љупка, Скопје. (1910)

Потврда бр. 14-5141 за домашно ракотворење од 28. IX. 1988 година, издадена од Собрание на општина Карпош — Скопје на име Маја Гаврилска, Скопје.

Тековна сметка бр. 15-50-24262-9 и загубените чекови од бр. 2046023 до бр. 2046030, издадени од Југобанка — Филијала — Тетово на име Олга Вукојчиќ, Тетово. (1913)

Работна книшка, издадена од Општина Кисела Вода на име Јовановска Веса, с. Д. Лисиче, ул. „Маршал Тито" бр. 7/20, Скопје. (1915)

Работна книшка на име Зоран Стефановиќ, Куманово. (1922)

Работна книшка на име Гоце Мимоски, Крива Паланка. (1929)

Работна книшка на име Атиџе Џемил, Штип.

Работна книшка, издадена од СО — Македонски Брод на име Далипоски Шефкет, с. Преглево, Македонски Брод. (1957)

Оружен лист, бр. 96, издаден од ОВР — Македонски Брод на име Новески Трајче, с. Русјаци, Македонски Брод. (1958)

Работна книшка, издадена од Македонски Брод на име Деспотоска Биљана, с. Самоков, Македонски Брод. (1959)

Диплома за завршено средно образование — лозаро-винарска насока, издадена од УЦСО „Јосип Броз Тито" — Ресен на име Крстевски Кирев Мише, ул. „29-ти Ноември" бр. 147, Ресен. (1960)

Работна книшка на име Катерина Котеска, с. Враниште, Струга. (1963)

Решение УП. бр. 12-2948 од 10. V. 1988 година, издадено од Собрание на општина Центар — Скопје на име Заре Хриџиќ, Скопје. (1981)

Тековна сметка бр. 15 50 024 021 и загубените чекови од бр. 2363158 до бр. 2363170, издадени од Југобанка — Скопје на име Македонка Ошавковска, Скопје. (1982)

Штедна книшка, издадена од Београдска банка — Филијала — Шабац на име Милевка Стојчевска, Скопје. (1983)

Работна книшка на име Васко Силјаноски, Охрид. (1985)

Работна книшка на име Галаба Танаскоска, Охрид. (1986)

Оружен лист бр. 1730, издаден од ОВР — Македонски Брод на име Миловановски Радојко, Македонски Брод. (1987)

Работна книшка на име Донка Накова, Штип.

Решение УП. бр. 12-6705 за папучарски дуќан, издадено од СО „Центар“ — Скопје на име Ева Митревска, Скопје. (2002)

Работна книшка на име Драге Спасовски, Куманово. (2010)

Работна книшка на име Власте Антевски, Куманово. (2011)

Воена книшка на име Тефик Хусеини, с. Шипковица, Тетово. (2017)

Работна книшка на име Јусуф Даути, Тетово.

Работна книшка на име Зеќирја Мусаи, Тетово.

Потврда УП. бр. 14-2160 од 18. IV. 1988 година за вршење на домашни ракотворби, издадена од СО „Карпош“ — Скопје на име Драган Апостоловски, Скопје. (2039)

Работна книшка на име Драган Гиевски, Куманово. (2048)

Работна книшка на име Бајруш Лиманов, Гостивар. (2060)

Тековна сметка бр. 04057-99, издадена од Стопанска банка — Скопје на име Билјана Биљановска, ул. „Вич“ бр. 26/68, Скопје. (2074)

Тековна сметка бр. 15 50 123326, издадена од Југобанка — Филијала — Куманово на име Солунка Каранфиловска, Куманово. (2075)

Решение бр. 11-1665 од 18. IV. 1986 година за основање кројачки дуќан, издадено од Собрание на општина „Чаир“ — Скопје на име Џавит Куртеши, Скопје. (2076)

---

## ОБЈАВА

Врз основа на член 20-а од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88 и 18/89), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО ЈАНУАРИ 1989 ГОДИНА И КУМУЛАТИВНИОТ ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО ПЕРИОДИТЕ ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ 1989 ГОДИНА, ЈАНУАРИ-МАРТ 1989 ГОДИНА И ЈАНУАРИ-АПРИЛ 1989 ГОДИНА

1. Порастот на цените на мало во Републиката до јануари 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 110,8%.

2. Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари-февруари 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 134,2%.

3. Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари-март 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 158,2%.

4. Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јануари-април 1989 година во однос на просечните цени на мало во 1988 година изнесува 184,8%.

Бр. 02-2261/1
10 мај 1989 година
Скопје

Директор
на Републичкиот завод за статистика,
**Светлана Антоновска**, с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

326. Одлука за дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — — 337
327. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 337
328. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 337
329. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 337
330. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 338
331. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 338
332. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 338
333. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 338
334. Одлука за измена на Одлуката за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — — — 338
335. Правилник за начинот на вршење на работите на службата за обезбедување во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници 339
336. Решение за цените на обрасците што се употребуваат во органите на управата надлежни за внатрешни работи — — — 344
337. Ценовник за штети на шумите — — — 345

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

147. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — — 346
148. Одлука за најнизок износ на пензија од 1 април 1989 година — — — — — — 347
149. Одлука за граничниот износ на најниското пензиско примање од 1 април 1989 година — — — — — — — — 347
150. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување — — 348
151. Одлука за начинот на пријавување на осигурување, пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на осигурениците вработени во странство и лицата кои на територијата на Републиката се вработени кај странски правни и физички лица — — — — — 348
152. Правилник за организацијата, составот и начинот на работа на стручните органи за оцена на работната способност во пензиското и инвалидското осигурување — — 349
153. Одлука за донесување на програми за воспитно-образовна дејност во основното воспитание и образование и утврдување динамика на нивна примена — — — — 356
154. Одлука за дополнување на одлуката со која се донесува норматив за наставниот кадар во основното музичко и балетско образование — — — — — — — — 356

---

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**